СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 1992 година

Скопје, септември 1992 година

**ДИСКУТАНТИ НА 49-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.IX.1992г.**


1. АНДОВ СТОЈАН - стр.7
2. АНАСАТАСОВСКИ МИТКО - 9, 11, 56, 58
3. АРСОВ ДРАГИ - 47, 72, 74
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДММИР - 25
5. ДИМИТРОВА РАТКА - 2, 58
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 16
7. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 54
8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 86
9. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 67, 74
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 82
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 81
12. ПЕТРОВ ТОДОР - 66
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 43, 47
14. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 63
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 17, 23, 46, 73
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 12, 78, 79, 80
17. СТАНКОВСКИ РИСТО - 76, 78, 85
18. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 29, 99, 52, 54
19. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 40


П Р О Д О Л Ж У В А

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Благоја Чкатровски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

За оваа седница поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија, како и мандаторот и предложените кандидати за состав на новата Влада на Република Македонија.

Ве известувам дека поради итна седница на Владата која траеше подолго моравме малку да одложиме со почнувањето на нашата седница.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

- Избор на Влада на Република Македонија.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањето што се предлага да се разгледува на денешната седница, предлагам да нема предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

I/2.-ДВ/МЛ

Има збор Ратка Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сакам да кажам дека тоа е неприфатливо за групата на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Спротивно на тоа пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ закажувањето на оваа Четириесет и деветта седница со дневен ред - Избор на Влада за неа е спорно по три основи.

Прво, по член 84 и член 90 од Уставот не се предвидува давање мандат на иста партија од, како оваа си го искористила рокот од 20 дена утврден со Уставот за формирање на Влада, формално правно не се појавила коалиција и не исфрлила кандидат за мандатор од потписниците на коалицијата, што се гледа од дописот на претседателот на Републиката каде стои: "Врз основа на предлогот за СДС на Македонија за мандатор се определува....". Коалиција не се споменува.

Пратеничката група на ВМРО даде иницијатива за покренување постапка пред Уставниот суд за оценуваше на уставноста. Додека оваа постапка трае не може да се разгледува формирање на Влада.

Второ, професорот по уставно право на Правниот факултет господин Светомир Шкариќ во вчерашната изјава на македонското радио даде толкување на член 10 од Уставниот закон со кој ја проблематизира правото на ова Собрание воопшто да избира нова Влада. Излегува дека и рушењето на старата Влада од ова Собрание било авантура која спрема Уставниот закон не смеела да си ја дозволи, а во која не вовлекло Претседателството на ова Собрание, читајќи го волнтаристички Уставот со желба за освојување на извршната власт.

Ќе бидам слободна да го цитирам господин Светозар Шкариќ.

"За да се избере новата Влада на Република Македонија по се изгледа ќе биде неопходно да се измени првиот став од членот 10 на

Уставниот закон со кој изричито се предвидува обврската од Уставот. Постојната Влада на Република Македонија да ги врши свои- те функции се до одржувањето на новите парламентарни избори". Тоа е цитатот од Уставниот закон.

Според оваа одредба значи не може да се бира нова Влада пред да се спроведат нови парламентарни избори ниту пак постојна- та Влада, сега формално во оставка може да се распушти.

Наведената одредба од Уставниот закон има карактер на специјална норма, бидејќи се однесува на конкретен случај, на првата Влада на Република Македонија. Оваа одредба не може да биде дерогирана од одредбата на членовите 92 и 93 од Уставот на Република Македонија со кој се регулира изборот на Владата, бидејќи не постои хиерархиска подреденост4.

Бидејќи Парламентот стихијно западна во ваква ситуација сегашната состојба може да се реши само со претходна измена на членот 10 од Уставниот закон, не со негово игнорирање. Само по новите парламентарни избори според уставниот закон, Собранието на Македонија ќе може во секое време да ја сменува постојната со нова Влада, нагласува професор Шкариќ.

Пред да преминам на третиот аспект би сакала да кажам збор два за суштината, бидејќи процедурата, членовите на Уставот, законите се механизми на правда, чесност и ред, категорија ретко спомнувани овде поради што по мое длабоко убедување државата не ни функционира.

Во последно време на политички план се случија некои работи кај нас поради кои денес не можеме со чист образ да ја поставиме оваа Влада овде на гласање.

I/4.-

Прво, ако СДС тогашна комунистичка партија ги доби чесно своите 31 пратеник на последните избори,,и доби на грбот на своето демократско крило на чело со господин Петар Гошев. Тој го подигна духот на овој народ. Рече,"Македонија може". Рече "не на Милошевиќ". Во времето кога тој побудуваше почит кај неговата партија. Да не беше решителноста на господин Петар Гошев, лидерот на тогашните комунисти денеска нашите деца ќе гинеа во БиХ, во редовите на ЈНА. А што се случи во СДС. Тих внатрешен пуч. Преку екс експонентите на Лазар Колишевски и на контраобавештајната служба на бившата ЈНА внедрени во ултралевото крило на оваа партија. И опструкцијата на господин Петар Гошев како мандатор беше од истите екс експоненти на партијата и во државните органи. Меѓу другото: писмен документ за врачување на мандатот на Бранко Црвенковски е доставен од Кабинетот на претседателот Глигоров до Собранието. Меѓутоа писмен документ за доделување на мандат на господинот Петар Гошев во собраниската архива нема.

Слична опструкција како оваа на господинот Гошев се случува ч на партиско ниво со партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, таа никогаш не добила сериозна понуда за преговори, ниту сериозно се сметало на неа како партнер во коалиција. Се тоа било играње жмурки, крпенка. Истите центри на моќ ја играат играта и овде. Не избирајќи средства тие дисквалификуваат и многу видни научници, членови на експертската Влада, а направен е и обид за дисквалификација на д-р Васил Тупурковски, специјалниот пратеник на претседателот Глигоров, врвен познавач на надворешната политика.

Ни еден народ не смее вака безмилосно да се расфрла со своите луѓе, а особено не македонскиот во овој момент кога ни треба најмногу ум, разум, сила за да ја пребродиме оваа тешка криза на општ план.

I/5.-

Најтрагично е што ова сега се случува на државно ниво. Како? Силите во Собранието се поларизираат на крајна левица и крајна десница. Нема центар. И не само што не се соработува на нивно приближување од страна на врвовите на власта, туку во корен се сечат сите три обиди на тоа, пак од истите центри на моќта.

И конечно, со коалицијата на ултра левото крило на СДС, ПДП и НДП и Реформските сили всушност сите три стожери на државата: Собранието судството и извршната власт, Владата со двете најважни министерства полиција и народна одбрана ги заседе истата крајна левица.,Сили од кои едните не излегоа на пописот, гласаат за Уставот на самостојна Македонија во незначителен број, истапуваат негативно по независноста на Македонија во странство, предлагаат тројца министри потписници на договорот за Илирида, отворено во Собранието изјавуваат дека 70% од албанското население не се државјани на Македонија спрема последните усвоени амандмани од страна на Собранието ч од друга страна сили кои долго не ја ни криеја својата чисто југословенска опција и врзани се со монополната олигархија која без пардон го ограбува општонародниот имот.

(Се јавува негодуваше во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дозволете нека заврши говорникот.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Тие сили сега треба да се борат за независноста, суверености и благосостојбата на Македонија.

Како конкретен пример за дивергенција на целите ќе ги наведам министерот Јован Андонов кој што во Владата не го поддржал осамостојувањето на монетарниот систем на Македонија и министерот

Денко Малески кои се оградија од господинот Петар Гошев како мандатор. Очигледна е тука несовпаѓање на основните цели.

Со сето ова се случи драматично поништување на плурализмот ч во крајна линија поништување на волјата на народот. Дури и партнерот од коалицијата, Реформските сили - Либерална партија на неодамнешната конференција за печат изрази резерва спрема собирање на сите клучни министерства во рацете на една партија, со што смета ќе се наштети на угледот на нашата земја во странство.

Третата основа заради која ВМРО-ДПМНЕ не може денес да поддржи дневен ред за избор на Влада е по кој деловник се остава недовршена 41-та седница а се оди на 49-та седница. Каква е таа организација по која работи највисокиот законодавен орган, таканареченото срце на државата, Собранието на Република Македонија. Ако работи без правила ч со прескокнување сосема разбирлив е колапсот во кој се наоѓа. Ова Собрание не си ја врши основната задача заради која народот ни даде мандат, а тоа е заокружуваше на системите на државата.

Навлезени сме длабоко во беззаконие со кршење на Уставот. Уставниот суд молчи, високите државни органи молчат. Се настојува товарот на овој колапс да се фрли врз грбот на пратениците. Работа на пратениците е да се борат за програмите на своите партии заради кои се избрани. Какво плуралистичко Собрание е тоа во кое не се кршат копја, се бори секој како знае и умее. Но, илузија е да се очекува дека ќе се дојде до решение со кои сите ќе бидат задоволни. Одлучува пресекот на силите.

По мене вистинската причина за овој хаос е неорганизираноста на работата од страна на актуелното Претседателство на Собранието. Се работи исклучиво по слободна проценка на претседателот. На кој начин?

I/7.-

Прво,се, одбегнува по секоја цена носење на деловник на Собранието.

Второ, нередовно се свикуваат седниците и не се дава приоритет на системските закони. ;

Трето, се користат сини штелувања на коалицијата ПДП-НДП секогаш кога треба да се закочи работата на Собранието.

Четврто, се воспостави пракса комисиите на Парламентот да бидат порелевантни во одлучувањето од самиот Парламент во целина.

Петто, барајќи квази идеални решенија се кочи во недоглед секаква работа и воопшто повеќе се прави вид дека се работи отколку што се работи. Тоа раѓа општ хаос, срцето на државата не функционира и создава дефектизам и кај пратениците и кај сите граѓани на Македонија.

Со поставувањето на дневен ред точка - Избор на Влада директно и грубо се предлага кршење на Уставот од страна на самото уставотворно Собрание.

Групата на ВМРО-ДПМНЕ не го прифаќа овој дневен ред и пред- лага продолжување на прекинатата 41-ва седница и предупредуваме на одговорноста на Претседателството за ова, на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, да не се повторуваат и понатаму овие работи, да дадам објаснување.

Наведени се еден дел обиди да се истакнат аргументи.

.Првиот аргумент дека не може да се даде мандат на иста партија, да ве известам, покренат беше уставен спор. Госпоѓа Димитрова побара да не расправаме додека не заврши уставниот спор. Ве информирам дека е пристигнато решение на Уставниот суд со кое се отфрла оваа постапка и

донесена е Одлука дека, сега ќе се подели таа одлука дека не се прифаќа таа интервенција. Според тоа имаме став на релевантен државен орган чие овластување е,во согласност со Уставот да даде такви толкувања.

Второ, речено е дека вториот аргумент се заснива на искажувањето на професор Шкариќ. Сакам да кажам дека ние имаме многу професори и по уставно право и сите имаат право и слобода да се искажуваат. Тоа во постапка не значи ништо. Во Собранието одлучува Собранието со изјаснување.

Третото беше политичко пледоаје. Тоа е право на пратеничката група и имаат право да гласаат како сакаат и секоја група има право да гласа како сака.

Да продолжиме со работа.

Госпоѓа Ратка Димитрова бара реплика.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Во врска со првото тврдење од претседателот Андов дека имаме одговор од Уставниот суд. Точно е дека беше побарано толкување од Уставниот суд. Меѓутоа денес е побарано не толкување туку побарана е иницијатива за отворање постапка и утврдување на уставноста на одлуката за по втор пат доделување на мандатот. Тоа е различна работа и за тоа треба постапка, а на тоа одговор немаме. Тоа е едната работа, а второ сметам дека е премногу сериозно за да може така лесно да се помине преку тоа.  Најмалку што треба ова Собрание да направи, бидејќи во него не седат стручњаци од оваа област, е да се организира една расправа, трибина на врвни стручшаци по ова прашање, да не влегуваме повторно во авантури.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви се подели одговорот на Уставниот суд па Собранието може да заземе став како мисли. Инаку може да се предложи експертско Собрание.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Прво, да им кажам на некои луѓе дека не изгледам како слободен стрелец и се сакаат да ми бараат извинување.

Луѓе, се наоѓаме во една трета пресвртница. Овде не ја гледам старата Влада. Старата Влада не ми даде одговор на многу прашања. Се фрламе во еден друг амбис. За многу прашања кои ги поставив лично Владата рече, не се смејте господа? затоа што ќе употребам уште потежок збор. Да не мислите од нас ќе правите коски. Не. Смејте се, а ќе плачете. Смејте се а за жалост ќе плачете. Судбина- та на Македонија не се решава со игри. Судбината на Македонија се решава по демократски пат и по пат кој го избира народот, за жал не така.

Се сеќавам кога експертската Влада предложена од господинот претседател си го помина својот рок како еден, реков на претходната седница, како еден рок на еден наемник, овчар во еден газда. Си отиде и не даде последен извештај. Се создава друга Влада без никаква примопредаја. Се прашувам сега јас лично, не ги познавам луѓето, земав едни материјали во кои ја читав биографијата. Тоа ќе го кажам подоцна, коч се луѓето.

Меѓутоа веднаш си поставувам прашање. Таа Влада во каква положба ја врши примопредајата.

II/1/пј/см

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжение).

Дали тие министри се свесни за тоа? Народот страда, народот плаче, читам дека илјада динари ќе биде лебот. Дали вие сфативте во каква положба сме ние. Не. Јас сум уверен дека таа стара бирократија и тој стар систем си продолжува да не носи во колапс. Јас на господин Гошев му се заблагодарив и му реков еден тежок збор, Гошев свесно w ти благодарам си излегол од живата песок и сега ќе му го кажам тоа. Се прашувам зарем овие луѓе вистински сакаат да влезав во живата песок или зад н«в стои некоја друга сила, која народот сака да го стави во живиот песок,а тие да останат на крај. Не. Тоа не може. Господине претседателе, се обраќам лично до вас, ми се чини дека во овој момент не е момент за избор на оваа Влада. Овој момент без консултации на првата партија која е влезена во Парламентот и првата партија по некој начин е изиграна. Да, господа, утрешни министри. Зар можат да се отворат ако не повеќе од половината македонски народ во амбисот. Не. Тоа е голема грешка. Утре господине претседателе вие и новиот ваш, затоа што не ќе биде мој, верувајте ми ќе си помислите дека сте направиле грешка. При изборот, односно при оставката на претходната влада, јас отворено ќе кажам, отворено од ова место и запаметете го убаво вие сите, не бев за оставка на целата Влада, било која од националност да биде. Нешто пречеше. Молам, јас не му пречам никому кој ќе говори. Незнам сега со која совест ќе гласаме за Влада која на еден начин ни се наметнува и на вас господа од Социјалдемократскиот сојуз, и Вас господа од реформските сили и господата од ПДП и НДП и господата од ВМРО. Која е вашата совест w каде е. Што ќе дадете доверба на една влада која се наметнува во Парламентот. А дали ги знаете целите на таа влада? На тоа ќе ви

одговорам попосле, KOW се целите. Господине Фрчковски, на вас Ви се обраќам, доста ни беа маките на нас Македонците. Не мачеа Грците, не мачеа Бугарите, не мачеа Србите, не мачеа нашите до вчера и ти си дете уште ќе ти кажам и ќе видиш понатаму што ќе ти се случи и како ти кога ќе пораснеш ќе размислуваш за судбината на своите деца. Не се занесувај, се обраќам лично до Фрчковски, не се занесувај дека ќе му зададеш последен удар на Митко и на семејството. Со ударот на Митко и на семејството, му задаваш удар на целиот македонски народ и на тие луѓе кои живеат во оваа татковина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ние сега утврдуваме дневен ред?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлагам на крајот, зашто сакав да му го кажам тоа на Фрчковски, се занесува во својата младост, се занесува и мисли дека е нов Наполеон на Македонија. Сакам со тебе да разговарам на само и ќе ти кажам во што е работата и памти ми ги моите зборов

Предлагам господине претседателе на Републиката, затоа што со Вас сум ^мал повеќе разговори w не сакам да ги кажувам во Парламентот и верувам во вас во едно време и предлагам, да се пови во целост старата Влада овде, Владата да одговори на прашањата кои ги поставивме на минатата седница. Откога ќе се разјасни положбата во која ја предава државата во новата Влада, тогаш ќе видиме дали ќе гласаме или не. А вака во темница не се лови во матно.

II/3

Не може филовано а внатре да има отров. Не господа, не се смеј, господине затоа што утре ќе бидеш министер, ќе се сретнеме на улица, не сакам да плаче повеќе моето внуче и внучињата на овие луѓе тука што ги гледам. Не. Правиме држава или не правиме. Земаш одговорен како министер, а да знаеш од кого ја земаш одговорноста и како ти го даваат Министерството, а не кариера и стол. Тоа е туѓо за овој напатен народ и за луѓето и за националностите и за овие малцинствата и за групите народи кои живеат во оваа земја тоа е уништување. Предлагам господине претседателе, Претседателството, господинот претседател на Републиката барам неколку минути пауза?. и да дојде на лице место Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве известив дека Владата, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата, сите се поканети. Уредно се поканети.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде- сакам да кажам една работа што кога се одлучуваше за доверба на Владата на 7.07. оваа година еден од двајцата кои гласаа против да се изгласа недоверба бев и јас. Побарав да ми се дозволи да кажам зошто гласам така, меѓутоа ако се земе, ако има траг од снимањето тогаш, ќе се види дека тоа практично стихиски се разиде. Во што беше прашањето? Токму на она што госпоѓа Димитрова го говореше во содржината на одредниците од член 10 од Уставниот закон. Овој Парламент и претседателот на Републиката на Македонија ги вршат своите должности баш во содржината на таа одредба, член 10, став 1. Ќе сакам само да прочитам, многу е кратко, јасно и зошто ја поддржувам госпоѓа Димитрова во нејзиното размислување дека овој Парламент сега не треба

да расправа. Член 10 почнува јасно: "Собранието на Република Македонија во постојниот состав, претседателот на Република Македонија и Владата на Македонија продолжуваат да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот до одржување на нови избори". Со ова завршува став 1 на член 10. Ова е извршниот момент на Уставот. Ние овој устав го гласавме, ако не сите, тогаш поголемиот број. На истата седница на 19 декември минатата година односно ноември, се гласаше овој устав и овој уставен закон. за спроведување. Одредницата до одржување на нови избори тоа е времетраење на мандатот на тие три органи. Тоа е на Собранието, на претседателот на Републиката и на претседателот на Владата. Во време овој мандат, траење на ова време никој на нас не ни дава за право да ги менуваме. Кога господине Бојковски ќе говориме за издржливост ма материјали, ќе ве викнам вас да говорите овде.

Сакам да кажам едно. Ако донесовме уставен закон за спроведуваше на Уставот и со тоа да го почитуваме првиот македонски устав на самостојна независна држава, како ќе го почитуваме ова ако ние сами себе не се почитуваме. Друго ќе беше некој парламент,Собрание решава во друг состав , па не знаел зошто донел ваква одредница да бара толкување. Тоа е едниот дел.

Тоа е  едниот дел, второ тоа што стана расправа помеѓу господинот Андов и што на Арсов му било одговорено од страна на уставниот суд, дека нема уставниот суд да се занимвава за да се дава два пати или три пати мандат на една партија или повеќе. Тоа не е така. Уставниот суд јасно

кажува тој не е надлежен да врши толкување на Уставот и законите, туку да цени примена на уставот v законите дали е тоа од Собранието или е во текот на извршувањето. Ова е надлежност на Уставниот суд во одговор ,на Драги Арсов што денес ќе се раздели, така и дословоно говори повикувајќи се на член 110 од Уставот на Република Македонија.

Друга работа што е имаме поднесено иницијатива за оцена на Уставот. На одлуката од страна на Уставниот суд на Македонија, дали ова Собрание, донесувајќи ја одлуката на 7.07. оваа година за изгласување на недоверба на Владата, го повредил духот и зборот на одредбите од член 10 на Уставниот закон Заедницата и надлежноста на Уставниот суд само преку такво бараше се одгледува и ќе има содржина. Јас ќе бидам толку јасен, еве го предлогот што е доставен до Уставниот суд на Македонија, со кој се бара да се оцени уставноста на Одлуката за недоверба на Владата на Република Македонија од 7.07. Повикувајќи се како причина ова Собрание не го почитува Уставот, односно уставниот закон кога Владата, Собранието како такво, и претседателот на Републиката имаат време до кога ќе работат без ограничуваше. Господа, во тоа ја сфаќам иницијативата и предлогот на госпоѓа Ратка Димитрова. Толкувањето на господинот Шкариќ како професор по уставно право, да го земеме како толкуваше на правник, професор, да го земеме како толкување на граѓанин затоа што како што гледам и овде луѓе од многу професори станаа правници толкувачи на се,. па да му дозволиме и на професор Шкариќ барем како правник да може да има свое сфаќање. Дали е исправно  или не тоа да остане за толкување.

Поради ова сметам штом е поведена една судска постапка за битно кршење на уставноста од ова Собрание, предлагам да се одложи оваа работа, затоа што Владата во постојниот состав ќе работи до нов избор на Влада, значи не сме без Влада, да не дојде, сфатете сега што би било, ако Уставниот суд донесе одлука со која ја поништи одлуката од ова Собрание, ние сме ја отпуштиле таа Влада , а имаме нова Влада која доаѓа на место на неуставни постапки. Ќе има ли полоша, по непопуларна работа да се решава за она што е забранeто.

Затоа, ве молам да не се одлучуваме повремено по партиско уверување, Законот има уверување за толкување во живот, да се примени како што е снагата на човекот се состои баш тогаш кога ќе сака да чуе и види какво е мислењето по однос на примената на Законот w на друг.

Господа, ќе се вратам, што не ми е вообичаено, само да дополнам едно, уставниот суд одговарајќи на Драги Арсов, кажа дека толкувањето на законите и на уставот е дадено на ова Собрание, а не на Уставниот суд. За примена говориме Уставниот суд иако господин Арсов се обратил за мислеше на Уставниот суд на Македонија, тој крајно не погрешил, барал совет, практично, од највисокиот судски институт за заштита на законитоста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поделен ви е дописот од Уставниот суд и можете да видите точно како стои текстот.

За збор се јави господин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, искажувањата на некои пратеници овде пред говорницата за божем лошата состојба во која ќе се најде Република Македонија со актот на изборот на новата Влада ги сфаќам единствено како солзи крокодилски, никако поинаку, зашто на овој народ w во овој момент со Влада н која и е искажана недоверба и најмалку не ни е подобро. Напротив тенденцијата да се одложи изборот на новата влада е само тенденција овој хаос да се продлабочи понатаму, да завладее неред и немир и како крајна цел да биде она што често пати се прикажува низ дискусиите на некои пратеници и политички лидери.

Сметам дека изборот на оваа влада треба да уследи час поскоро и таа да зафати со сите проблеми и тешкотии кои се присутни во оваа Република и со заеднички напори на оваа држава да излеземе на крај со овие проблем^г.

Спорот кој овде се покренува околу прашањето дали член 10 од Уставниот закон на Република Македонија го оспорува можноста да се избере сега во овој момент нова Влада, сметам дека не е основан од причина што ова тенденција оди во насока во ^зборот на новата влада на нов претседател на Републиката или ново Собран^е да се стават по иста временска дистанца.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

..,.Духот на одредбата од став први на член 10 не е тоа. Оваа одредба само регулира еден преоден период од времето кога се донесува Уставот, до времето кога ќе се извршат нови избори, или парламентарни или на Влада или на претседателот на Републиката. Во тој временски период се регулира позицијата на досегашните органи, односно дотогашните органи на Влада, претседател .на Република и претседател на Собрание. Обидот преку покренување на постапка пред Уставниот суд, да се запре постапката за избор на нова Влада, сметам дека не е установена. Зошто го велам. тоа? Од причини што со самиот факт на покренување на постапка пред Уставниот суд нема суспензивно дејство, т.е. во конкретниот случај не ја запира постапката за избор на нова Влада. Тој акт нема такво дејство. Во случајот да имаме извршно решение, односно одлука од Уставниот суд само во тој момент кога таа одлука би гласела дека има суспензивно дејство, односно не може да се изврши избор на новата Влада, заради тие причини врз кои ќе се засновува таквото решение, само во тој случај ние како Собрание нема да бидеме во можност да избереме нова Влада. Во овој случај самото покренување на таа постапка пред Уставниот суд, не ја запира постапката за избор на нова Влада.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе зборувам како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Откако беше изгласана не доверба на Владата на господинот Кључсев, согласно Уставот отпочна постапката за формирање на нова Влада. Првата чест ја имаше ВМРО-ДПМНЕ да ја формира

Владата. Познато е дека ВМРО-ДПМНЕ, едноставно речено, беше принудена да го врати мандатот за состав на новата Влада од проста причина што не се вклопуваше во сценариото за рушење на постојната Влада, а исто така и за изборот на новата Влада. Во јавноста остана погрешен впечаток дека ВМРО-ДПМНЕ воопшто не сака да учествува во власта односно да го заокружи и доврши процесот на Уставно - правното законското уредување на односите во Република Македонија, како самостојна и независна држава токму преку образување на Влада, или учество во власта. Без ВМРО-ДПМНЕ, РМ ниту ќе беше самостојна, а уште помалку независна држава. Размислете и мора да се признае, сакал тоа некој или не, авторот на Република Македонија како држава е токму нашата партија. Ве прашувам што не е остварено од програмата на ВМРО-ДПМНЕ. Ние како веќе да немаме програма, останува само економскиот дел. Се што го рече ВМРО-ДПМНЕ се е остварено. Најприродно е партијата чија програма всушност е денешната стварност, РМ да биде реализатор на конкретизирањето на таа програма, преку учество во Владата и што беше најправедно во формирањето на самата Влада. Во парламентите во светот пратеничка група со само 3 пратеника, секогаш настојува да има барем еден министер во владите. ВМРО-ДПМНЕ беше попречен на разни начини да ја формира Владата.

Во почетокот на конституирањето на Собранието, со една невидена игра во која егзекуторот за отстранување на ВМРО-ДПМНЕ, беше за жал претседателот на Републиката. Ви се поставува прашањето во тоа време поделбата на функциите беше јасна. Претседателот на Републиката кон СДСМ, претседателот на Собранието од Либералната партија и претседателот на Владата од ВМРО-ДПМНЕ. Баш затоа какви игри се правеа со кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ за премиер, се одеше до таму, па кандидатите на партијата ги ценеше претставник од друга  партија што е

III/3

нон сенс во парламентарната демократија, прогласувајќи ги за компетентни односно некомпетентни. Целта беше јасна да се компромитира партијата, да се создаде претстава во јавноста дека во ВМРО-ДПМНЕ нема способни луѓе, па во интерес на Републиката е да се образува Влада на експерти. Познато ви е како течеше изборот на таа Влада. Со неа всушност отпочна и пресметката со ВМРО-ДПМНЕ се со цел истата да се разбие. Познато е како течеше и се одвиваа настаните со донесувањето на државно - правните акти при осамостојувањето на државата. Во оваа експертна Влада само двајца министри имаа смелост јавно да се искажат дека се партиски определени. Јасно беше во услови на нов Устав, оваа Влада не можеше да опстане, а таа ништо не презеде да добие свој политички легитимитет, а напротив по пат на оставки и други притисоци ги отстрануваше национално определените .министри. Кога се одеше веќе на формирање на новата Влада ВМРО-ДПМНЕ пројде крајно сериозно, решен да формира политичка Влада што во овој момент беше и е потребно на државата. Во стартот пак една измама, дека согласно Уставот постапката мора да заврши во рок-,о,р 30 дена и по овој рок да се избере Владата. Групата за преговори и договарања откако се подготви, во рок од 2 дена ги одржа првите договори со сите политички партии кои имаат пратеници во Собранието. Разговорите ги оценуваме како коректни, со голема можност ВМРО-ДПМНЕ да формира Влада. Се поставува прашањето како и со кого? Ќе кажам по редослед. Либералната партија беше јасна. Не сакаше да учествува во Владата, меѓутоа, секоја Влада што ќе ја формирате ќе биде поддржан при нејзиниот избор. Време е РМ да добие Влада согласно Уставот, односно политичка Влада, па од тука, за да се изнајдат критиките од надвор треба да го завршиме процесот на демократизацијата со избор на политичка Влада. Господинот Кљусев едноставно го сруши Либералната партија. Ни беше сугерирано дека за Европа е многу битно да одредени министерства,

доколку во Владата би учествувале и претставници на Социјалдемократскиот сојуз, ним да им бидат достапни внатрешни, правосудство, стопанство и меѓународните односи. Со Социјалистичка партија разговорот беше коректен, но со фактот на застапеноста на оваа партија со пратеници во Парламентот, истата би се приклонила евентуално да учествува во согласност со ситуацијата што би можела да настане.

Разговорите со ПДП-НДП во секој случај заслужува да бидат поконкретизирани од следните причини: ВМРО-ДПМНЕ го уважува согласно своите програмски определби живеењето на Албанците во РМ и на тој факт му дава полно внимание, како на една реалност.

Албанците изразија спремност да учествуваат во Владата што би ја формирала ВМРО-ДПМНЕ. Ништо лошо од таквата желба. Напротив. Нивната скромност се оценува дека фактот на стабилност во РМ се токму односите помеѓу овие 2 политички партии и сега и во иднина. Што значи дека условно може, знаејќи ги овие односи дека и во натамошните контакти со ПДП-НДП можна е одредена соработка. Исто така, знаејќи го однесувањето на ПДП-НДП од нивното основање , не само како политички партии, туку и нивното однесување до денес и во Парламентот и на нив им беше јасно дека поради нивното однесување се забави меѓународното признавање на Република Македонија и беше причинета државна и национална штета на Македонија. Можеме да разговараме само ако го уважат својот статус на национално малцинство и за одредени права и слободи, согласно Европските стандарди, што сега сепак се надминати.

Коалициона Влада не би била можна се додека нивната програма и однесуваше не биде во функција на заедничко живеење.

И во вакви услови ја изнесовме можноста да Владата што би ја формирала ВМРО-ДПМНЕ може да има и Албанци, но не како претставници на ПДП и НДП.

Доколку ја поддржеа оваа варијанта, оваа можност можеше и да,се реализира. Недозволеното однесување, за жал, пред се, на мирното население на Албанците во РМ и на националните и државните интереси на Македонија продолжи и се манифестираше и на Лондонската конференција. Претпоставуваме дека на Социјалдемократскиот сојуз не му смета таквото однесување и со љубов се гради коалиција.

Разговорите со Социјалдемократскиот сојуз беа последни, со јасна наша определба и овој пат да одиме чесно, како и до сега и во еден дијалог, токму на образувањето на новата Влада да направиме обид за градење на коректни односи помеѓу двете партии како потреба на РМ и изразување на едно национално единство и во таа смисла да образуваме заедничка Влада со пропорцијата 51:49 министерски места во корист на ВМРО, во кој што би имало место и за националните малцинства.

Ризикот за ВМРО-ДПМНЕ за таквата коалиција беше огромен и ќе требаше време да се објасни на членството потребата од ваквата коалиција со сите ризици за исходот во наредните избори.

Се оцени дека во овој момент партискиот интерес треба да биде подреден на националниот и државниот интерес на РМ. Бевме спремни и така се изразивме дека ќе придонесеме со збор и дело никој да не се почувствува ни поразен ни победник, и од неможното да направиме можно. Во стартот покрај премиерот и 3 министерства, за внатрешни, меѓународни односи и одбрана,га сите други места можеше да се разговара. И во однос на Министерството за одбрана и за надворешни работи, сметавме дека постојат можности да се договара и немаше потреба да се навлегува од

причина што Министерството за одбрана не е атрактивно, ако врховен командант е претседателот на Републиката, а за надворешни работи се одлучува во Владата. Ова од причина што оценуваме дека досегашниот министер премногу се врза за претседателот на Републиката, со што се парализира работата на Владата во меѓународните односи и во текот на меѓународното признавање. Тоа сега го изјавува и премиерот Кљусев, но доцна. Ваквиот предлог претставниците на Социјалдемократскиот сојуз ги оценија како максимални, односно отпималистички, го прекинаа разговорот со најава дека ќе не известат во текот на. денот за продолжување на договарањето. Не известија по телефон по еден час дека не се спремни да продолжат со договарањето. Што ни преостана? Донесовме едноставна одлука да го известиме претседателот на Републиката дека не можеме да обезбедиме мнозинство за избор на нова Влада. Како нова политичка партија се јавува Социјалдемократскиот сојуз за состав на нова Влада со кандидат господинот Петар Гошев. Познато е што се случи со господин Гошев што ние високо го цениме неговиот чин и сметаме дека на тој начин Социјалдемократскиот сојуз се пресмета со еден член на својата партија на еден начин, бидејќи по наша оценка неговата македонска и национална ориентација и придонесот што го даде за создавањето на самостојна држава РМ. Откако истекоа наведените рокови претседателот Глигоров мандатот повторно го дава на Социјалдемократскиот сојуз, а господинот Гошев уште не се свести што го снајде, на господинот Бранко Црвенковски.

Сметаме дека со овој чин не е почитуван Уставот од претседателот. Да го погледнеме составот што се предлага, но во контекст на напред изнесеното.

Прво, Социјалдемократскиот сојуз ги зема оние министерски места за кои тврдеше дека....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стефковски тоа е веќе расправа по составот на Владата. Да го уврстиме барем на дневен ред тоа.

**Т0МИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

По дневниот ред зборувам и предлагам да се симне точката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но вие дискутирате за составот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не дискутирам за составот, кажувам во контекст на ова, и ве молам не ме прекинувајте.

Кој тврдеше дека се оптимални ако ги има ВМРО, но кога тие се мандатори за себе од нивната коалиција ги зема покрај нив и други уште повеќе.

Второ, Либералната партија не добива ни едно место со кое пред Европа ќе може и ќе се докаже дека клучните министерства ги држи таа, а не СДСМ што како политичка партија што се прогласи за наследничка на Комунистичката партија за Европа е неприфатлива и оваа Влада не може да биде носител на демократските процеси во РМ и на процесот на приватизацијата.

Трето, коалицијата со ПДП и НДП кога таа партија продолжува да се однесува и да се определува спротивно на државните и националните интереси на Републиката е голема смелост, да не речам лудост, штетен по државните интереси на РМ во овој миг. Јасно дека ВМРО-ДПМНЕ не можеше да формира Влада, бидејќи отпорите беа организирани и диригирани. Дали сега не забележувате дека Владата на Кљусев се сруши заради отстранување на сите министри со македонска свест и национална ориентација во услови на граѓански устав. Во предлогот на господинот Црвенковски остануваат повеќето министри кои во Владата на господинот Кљусев беа политички неопределени. Во тоа е слабоста на г-динот Кљусев што не ја оцени опасноста и си замина. Затоа и ВМРО-ДПМНЕ гласаше за недовербата.

Дали сме љубоморни на Социјалдемократскиот сојуз? Веднаш ќе одговориме - "не". Но сепак, оценката ќе ја даде македонскиот народ на новите избори. ВМРО-ДПМНЕ никогаш нема да се поигра со судбината на својот народ. Ваквата коалициона Влада на РМ не и е потребна. Само Влада на национален спас за подготовка на нови избори. Тоа е решение. Влада образувана од ВМРО-ДПМНЕ може да ја има меѓународната доверба. Оттука може да се избере само таква Влада и предлагаме оваа седница да заврши како претходната без утврдуваше на дневниот ред.

IV/1 /CJ/OM

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сметам: дека доколку се утврди дневниот ред така како што го предложи претседателот на Собранието, веќе од почеток ќе земе таков тек да ќе се направи грешката бидејќи гласовите се обезбедени и ќе се соочиме со уште посложена ситуација во Република Македонија. Од тие причини предлагам денес да не се поставува на дневен ред прифаќањето на идната влада и тоа во куси црти би го образложил.

Претседателот на Републиката спротивно на своите уставни овластувања го даде по втор пат мандатот на партијата на која инаку припаѓа што ги прекрши правилата на парламентарната демократија, ја вознемири македонската јавност и предизвика повеќе дилеми за идните политички но и други процеси во Република Македонија. Исто така во контекст на ова прашање констатирам дека надвор од наше сомнение е фактот дека вистинскиот мандатор на Владата која сега е во оставка беше претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров кој што сега повторно е на добар пат да состави своја Влада. Со најавата на составот на идната Влада и практично се потврдија сомневањата присутни во јавноста дека министрите на досегашната Влада не беа партиски не определени како што се декларираа, дека туку биле и се во најголемиот дел припадници на СДСМ. Ова е особено важно да се констатира заради оценката на одговорноста за она што се случуваше во изминатиот период, а во врска со досегашната работа на Владата во оставка. Демократски ориентираните граѓани се сериозно загрижени од нескриените амбиции на лево ориентираните партии да ја приграбат целосно власта во Република Македонија спро но од изборниот резултат. Тие вешто ја искористија слабоста во нај бројната со пратеници партија и потенцирајќи ја нејзината

IV/2.-

некомпетиција и неубедувајќи не во својата истовремено, со вешта политичка игра го постигнаа она што во еден период го грабеа како можност за преземање на целата власт во свои раце. Она што посебно иритира во однос на составувањето на идната Влада е фактот дека таа практично се формира врз основа на коалиција, со политичките партии на албанското малцинство кои што во континуитет покажуваат нелојалност и отворено непријателство спрема Република Македонија. Сметаме, дека СДСМ пристапи во еден нелогичен ред во контактите со можните политички партнери со што практично отвори можност на албанските политички партии да стекнат појака политичка позиција од она што природно според нивниот број на пратеници им припаѓа и практично на тој начин да бидат исклучени оние политички субјекти застапени во Собранието на Република Македонија кои што во- својата програма имаат нагласена ориентација кон националните прашања.

Особено не можеме да прифатиме поради креаристичките потреби на СДСМ, Реформските сили и Либералната партија и Социјалистичката партија еден од клучните ресори како што е ресорот за финансии да се препушти на претставник од коалицијата на ПДП-НДП. Исто така укажуваме дека мандаторот но и други во близина на левите раководства не кријат дека примарна цел на идната Влада ќе биде спроведувањето на предвремените избори доколку до тоа дојде. Тоа е всушност и основниот мотив што тие инсистираат да го задржат мандатот по секоја цена, токму заради контролата на изборната процедура при очекуваните предвремени избори. Тоа само по себе го наметнува прашањето дали новите избори тие бидат барем толку демократични колку првите слободни избори. Како и да е во однос во прашањето со Владата ќе го констатирам тоа што јавноста со одобрување го прифати. Кога во еден коментар на македонското радио беше искажано дека сите луѓе на претседателот се во новата Влада.

IV/3.-

Но, проблемот не е само од политичко формална природа исклучиво во однос на кршењето на правилата на парламентарната демократија. И самата суштина е нејасна. Кога се поставува прашањето на одговорноста на Владата во оставка односно потоа претпоставената способност на новиот состав' на Влада, дали та ќе биде во можност да дејствува поквалитетно од досегашната. Факт е дека не само по бројот на министрите во Владата која што сега е во оставка туку*и спрема бројот на пратениците, лево ориентираните партии имаат мнозинство спрема пратениците од двете ВМРО. Да потсетам дека нивните министри имаат шанса да ги покажат нивните способности и јачината на нивната изборна програма, но знаеме кои беа ефектите на досегашната Влада.

Од друга страна и Собранието не расправаше за некои значајни иницијативи што би произлегле и би потврдиле наводна компетенција на левите партии во економијата и социјалната политика, напротив. Да се потсетиме левата коалиција има надмоќ во гласовите, таквото надгласување особено е видливо во отсуство на пратениците на ПДП -НДП. Многубројни се ситуациите како во случајот за донесување на Уставот во однос на амандманите, потоа околу системските закони како што е Законот за државните симболи, државјанството , но и за личното име и за патните исправи тие гласаа против Македонија. Одговарајќи спрема преземените обврски према ПДП-НДП со чија помош ја освојуваат власта во Македонија спротивно на изборниот резултат од првите слободни избори, секако нема наивни да помислат дека левите партии се покажаа исто толкава неспособност како оние што ги обвинуваат, можат да понудат излез од севкупната криза во која се најде Република Македонија. Тие за тоа се неспособни. Сега е јасно дека немаат способни кадри како што лажно се претставуваа во јавноста. Тие воопшто немаат визија за иднината на

Републиката. Едноставно тие не можат дури да ја следат ни својата изборна програма што времето ја надмина. Тие паднаа на испитот на демократијата уште на првото посериозно искушение. Можноста му се укажа по втор пат на претседателот на Републиката, член на преобразените комунисти да состави повторно своја лична Влада. Покрај практичните последици како што во јавноста истакна една братска партија дека Македонија е во опасност во неа да забладеат анархијата, принципот,. на мафијата и апсолутниот шверц и корупција, мора да се истакне дека тоа ќе биде крај на демократијата во Македонија. Само стравот од реакциите на Европа ги запира властодрсците да не посегнат со репресија врз граѓанските права на македонците. Тоа е и главната противречнсот на политиката која се води во Македонија, кога за сметка на многу добро проценет политички профит по личните и партиски интереси се прават апсурдни отстапки спрема непријателски ориентираното албанско малцинство. Се рушат темелите на македонската држава и се подготвува амбиентот за остваруваше на некои затскриени замисли за идниот статус на Македонија. Се чека во хаосот и економското истоштување македонсците да потклекнат во однос на историската цел која што туку е во фаза на остварување.

Ние како што ви е познато дадовме конструктивен придонес околу остварувањето на историски потребното национално единство. Во таа насока беа укажувањата околу борците и поранешните членови на партијата, но тој процес на природно дистанцирање на граѓаните во минатото и сега кои во минатото и сега служат како фасада на моќ, пред се со својата бројност не доволно брз , барем тоа не се одвива видливо со што дефинитивно ќе се разголи бирократската олидација која како рецидив на најмрачното време се повамбирува.

IV/5.-

Сепак очекуваме дека македонците кои поради историското памтење се особено внимателни во своето однесување, своето историско ослободување ќе го доживеат во повторената можност да се искажат на предвремените избори и овој пат дефинитивно да им,пр.есудат на они сили кои прогресивниот свет веќе ги избриша. И овој пат ќе повторам дека ние не сме против Европска левица на просторот на Македонија, но таквата ориентација е неспоива со оние сега ја презент играат балканската варијанта. Да заклучам , најпрвин ги повикувам оние кои се најавани во состав на идната Влада да го откажат своето учество, ако тоа не го прифатат ги повикувам пратениците да гласаат против најавената Влада од причините кои ги изнесува а новите избори да ги спроведе Владата во оставка, за која ги задржувам сите досега- искажани оценки воглавно негативни, но сепак Владата во оставка кога се работи за предвремени избори барем го одразува во својот состав плуралниот политички амбиент и колку толку резултатот од првите слободни избори.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас нема како што рече господинот Стефковски да зборувам како пратеник само на парламентарната група што ја претставувам заради тоа што е сосема јасно дека во парламентарната демократија во повеќепартиски систем од оној момент кога ќе бидеме избрани за пратеници на Собранието на Република Македонија не може исклучиво да делуваме како пратеници само на партиите што ги претставуваме , јасно е дека одговорноста е преголема пред сите нас во овие периоди на уредување на една држава, на еден простор каде што е најверојатно и најтешко на светот да се уредува држава и дека во такви услови ние сме претставници всушност на сите граѓани на Република Македонија.

IV/6.-

Во текот на овој скоро 20 месечен изминат период во кој што се вклучи во парламентарната демократија почнувајќи уште за време на предизборната кампања, многу често навлегував во периоди на тешки дилеми и на тешки внатрешни незадоволства. Како универзитетски професор делувам во дејност во која што практично се зависи од самата личност и со тоа е овозможена една пријатна состојба да за се она што си го направил или не направил одговараш сосема сам. Во оваа област во која што денеска делуваме премногу работи не зависат директно од нас и сосема е јасно дека за определбите за кои што сме се залагале во било кој од овој изминат 20 месечен период честопати може да најдеме внатрешни задоволства зошто одредени работи за кои сме се залагале не сме успеале и да ги реализираме до крај.

Во предизборната кампања на многу средби со граѓаните толку зборував за"благодетите" кои што конечно треба да го снајдат и овој граѓанин, ако успееме да ја воведеме парламентарната демократија, благодетите кои што навистина покажаа резултати таму каде што парламентарната демократија има подолго време традиција да во периодите во кои што уследија согледана така лесно и демократијата и парламентарната демократија не се усвојува и дека на тој пат не чекаат голем број на стапици и голем број на непознаници. Јас бев убеден дека по првите повеќе партиски избори една партија или две партии сигурно ќе можат да обезбедат парламентарно мнозинство да се формира политичка Влада од делот од пратениците кој Se останат надвор од таа парламентарно мнозинство да се создаде една јака опозиција и во парламентот се разбира јака опозиција и од вон парламентарните партии и дека со тоа и во Република Македонија конечно ќе се создаде потребниот механизам кои што од партии кои што формирале политичка влада постојано ги присилува да дадат максимум од себе за да може таа Влада

се она што ќе го прави ако е позитивно и да се адресира на таа партија, и да таа партија на наредните избори ако прави добро, ако нејзината Влада носи позитивни резултати обезбеди за себеси и подобри услови и подобра перспектива и подобра иднина, а дека во исто време сите оние кои што ќе бидат парламентарна опозиција, а и вон парламентарната опозиција постојано на позиционите партии што формирале Влада ќе им гледаат во раце и постојано ќе ги притискаат да дадат максимум од себе и на таков начин всушност во повеќепартискиот систем и парламентарните партии и вон парламентарните партии целосно со сите свои расположливи потенцијали и капацитети да се стават во служба на народот.

Јас денеска сум убеден за разлика од она што беше искажано од господинот Стефковски и од госпоѓа Ратка Димитрова за разлика од едно општо мислење кое што владее во Републиката дека ние не дојдовме до формирање на политичка Влада на првите парламентарни избори заради распоредот на силите на парламентот / меѓутоа ми се чини стекнувајќи искуство последните 50-тина дена што тоа значи да се формира Влада со парламентарно мнозинство да се формира коалициона политичка Влада какви се потешкотии се јавуваат на тој пат дека најмалку 61 пратеник треба да изразат поддршка на најмалку 17 , 18 или 20 члена на Влада и дека тоа е исклучително тешко заради тоа што меѓу тие 61 пратеник секој пат ќе се најде некој од кандидатите за министри како неприфатлив и дека треба огромно трпение, разбирање итн. Дека една од причините за неформриањето на политичката Влада после првите парламентарни избори во република Македонија е и нашето неискуство од тоа што значи политичка коалициона Влада, нашето неискуство со основите на парламентарната демократија, а може да кажам на база на некои

согледување и од неискуството, а најверојатно и неспособноста на преговарачите претставници на парламентарните партии кои што правеа напори да формираат политичка Влада. Независно од тоа извесно е дека се формира експертска влада во која што сите знаеме дека независно од тоа што експертската влада делуваше под формулата експертска влада во неа сепак влегоа претставници практично на сите парламентарни партии, а и на некои вон парламентарни партии заради тоа што се знаеше дека меѓу членовите на Владата 2-3 членови на таа Влада беа членови или симпатизери на МААК, 2-3 беа членови или симпатизери на ВМРО—ДПМНЕ, 2 беа најмалце членови или симпатизери на СДСМ, 3 најмалку симпатизери или членови на коалицијата ПДП-НДП итн. Но, уште на самиот почеток се покажа колкав е дефектот во парламентарната демократија да делува една експертска Влада зад која што не стои политичка партија или коалиција од политички партии заради тоа што не постоеше никаков механизмот на контрола на власта, заради тоа што парламентарната демократија без да се адресира се она добро или лошо што една Влада го прави на една политичка партија во повеќе партиски систем јасно е дека не може да влече максимум од партијата за добро бит на народот, туку евентуално може да влече максимум од партијата во однос на самата партија. Така дојдовме до тоа да нашата експертска влада целиот период делува политички неодговорно не заради тоа што барем сега сум скоро сосема сигурен, не заради тоа што во таа Влада членуваа нестручни неодговорни луѓе туку токму заради тоа што не постоеше механизмот да се политички одговара поради тоа што зад таа Влада не стоеше една политичка партија или коалиционо или парламентарно мнозинство на партија.

IV/9.-

Така се случи во услови во кои што беше објективно многу тешко да се направат позитивнин чекори во било која сфера од делувањето заради тоа што нагло се растури заедницата во која што оваа Република делуваше во изминатиот период, заради тоа што нагло се сруши системот кој што имаше бројни дефекти и кој што мораше целосно да се трансформира, а не се стигна на време да се доизградат барем основите на новиот систем, заради тоа што на тлото на Југославија во нашето соседство почнаа војни, заради тоа што несполетаа блокади од Север и од Југ, па и од Запад и Исток итн. Имаше голем број на објективни околности кои што оневозможуваа да се постигнат позитивни резултати. Меѓутоа таа Влада, во текот на нејзиното владеење , токму заради тоа што не постоеше политичка одговорност доведе до тоа да во Република Македонија навлеземе во ера на нај- големи практички легализирани пљачкосувања, на владеење на хаос, на царување на шверцот, на царување на сивата економија, на нај невидена финансиска не дисциплина, на подривање на многу значајни општествени и секакви други дејности, во такви услови сосема беше јасно зошто во Република Македонија за да се видат ефектите од парламентарната демократија мораше да се формира политичка Влада, излезот беше во две решенија, едното решение или по пат да предвремени нови избори да се прераспределат политичките сили во парламентот и при таа прераспределба да се формира политички одговорна Влада и оттука излеговме ние со иницијативата за нови избори која што не беше поддржана, сосема јасно дека причините се побројни, меѓутоа едната од причините лежи јасно по мене и во донесувањето на новиот Устав во кои што ние станавме неотповикливи, во кој што ние станавме недопирливи, во кои што изградивме извонредно поболен статус како пратеници така како што беше Владата политички неодговорна обезбедивме услови и како

пратеници да бидеме политички неодговорни заради тоа што не стоевме зад извршната власт чии што резултати што позитивно или негативно се одразуваат на животот на сите граѓани на Македонија и заради тоа што никаде кај нас не е предвиден механизам за распуштање на парламентот кога ќе дојде до блокади во него, никаде кај нас не е предвидена постапка како да се предизвикаат предвремени избори . Единственото решение е како што знаеѓе најмалку 61 пратеник од ова Собрание да дигнат рака и донесат одлука за предвремени избори што заради овие бенифицирани состојби во кој што се најдовме јасно не се случи.

V/1 сс/нд

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Зошто се изгласа недоверба и како дојде до тоа да таа Влада која што, делувајќи политички неодговорно иако во неа делува и стручни и одговорни луѓе, доведе до тоа ситуациите и покрај објективните тешкотии од ден на ден да се влушуваат, не би сакал да зборувам. Меѓутоа, таа Влада доби недоверба практично со единствена поддршка од Парламентот со исклучок на двајца нејзини членови, за кое што зборуваше господинот Томе Стојановски.

После нејзината недоверба, сосема е јасно дека во Република Македонија мора да се формира политички одговорна Влада од партии што ќе обезбедат политичко мнозинство односно парламентарно мнозинство не е точно, апсолутно, при сегашниот распоред на силите во Парламентот дека според Уставот на Република Македонија се доделува мандат за формирање на Влада на една парламентарна партија. Мандат за формирање на влада може да се додели на партии што ќе обезбедат парламентарно мнозинство. А, партиите што ќе обезбедат парламентарно мнозинство, самите внатре, откако ќе го обезбедат тоа мнозинство одлучуваат на кого ќе му припадне мандатот односно кој ќе биде мандатар и како ќе се поделат одредени ресори меѓу себе.

Сосема е нормално во такви услови, кога требаше да се формира политичка влада,дека според Уставот претседателот на Републиката ја повикува партијата што има најголем број пратеници во Парламентот да се обиде да обезбеди повеќепартиско мнозинство за формирање политичка влада. Јас, кога излегов на говорницава спремав неколку; точки со кои сакав да елаборирам зошто од наша гледна точка како директни учесници во преговорите со преговарачите од партијата ВМРО-ДПМНЕ не дојде до

обезбедување на парламентарно мнозинство. Меѓутоа сега се откажувам од таа елаборација заради тоа што господинот Томе Стефковски во својата завршна реченица денеска јавно и гласно кажа зошто не дојде до обезбедување на парламентарно единство, заради тоа што претставниците на парламентарната група и на Партијата ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека на Македонија не и е потребна ваква коалициона влада каква што еве и денеска предлагаме, за што ќе кажам нешто повеќе, дека не станува збор всушност ни за формирање на ваква коалициона влада која што денеска ја предлагаме, туку за нешто пошироко од тоа, односно за формирање на таканаречена концентрациона влада.

Пратеничката група која требаше да обезбеди парламентарно мнозинство, од причините што ги кажа господинот Томе Стефковски, не го обезбеди парламентарното мнозинство и затоа по Уставот беше понудена пратеничката група со втор број пратеници во Парламентот да се обиде да создаде парламентарно мнозинство за формирање политичка влада. .

Должен сум уште на почетокот да истакнам дека при обезбедувањето на парламентарното мнозинство, кога втората партија СДС доби мандат да обезбеди парламентарно мнозинство, е разговарано апсолутно со сите парламентарни партии, па и со вонпарламентарни партии за што подоцна ќе кажам некој збор.

Притоа мандаторот Петар Гошев е присутен, знае многу добро и сите оние кои ги водеа преговорите дека на понудените преговори со парламентарната група односно претставниците на парламентарната група и Партијата ВМРО-ДПМНЕ воопшто нивните претставници не одговорија дека сакаат да седнат да преговараат за создавање политичка коалициона влада под мандатарство на Петар Гошев.

Откога Петар Гошев, го врати мандатот, заради тоа што кај нас држеше оценката дека во Република Македонија мора да се формира политичка влада со политичка одговорност во која што ќе влезат сите парламентарни партии односно парламентарни групи кои на изборите добија доверба да го претставуваат секој граѓанин на Република Македонија да покажат што знаат на политички, економски и на било кој друг план, дека во нашите заложби останавме на тоа да се формира не само политички одговорна влада или политичка влада, туку концентрациона влада во која што ќе влезат пропорционално претставници на сите парламентарни партии.

Во тие разговори остана парламентарното мнозинство што го обезбеди СДС со сите други партии што го поддржаа мандаторот Петар Гошев. По неговото враќање, тоа парламентарно мнозинство остана и почнаа нови преговори на старата линија за формирање концентрациона влада во која што пропорционално би влегле сите парламентарни партии.

Во тие разговори со претставниците на Партијата ВМРО-ДОМНЕ и нејзината парламентарна група, каде што разговаравме многу искрено> и многу одговорно и :каде што најдобронамерно и најискрено укажав на господинот Георгиевски дека ние во досегашниот период како партии имавме извонредно поволна клима да го подигаме нашиот рејтинг пред јавноста заради тоа што немавме политичка одговорност, заради тоа што Владата беше политички неодговорна, на сите нас во извршната власт и овде во законодавната власт ни одговараа тие услови да го подигаме политички рејтингот, само што страдаше цело време народот, дека ние може и понатаму да го одржуваме тој политички рејтинг и да ги сочуваме нашите партии за идните избори, меѓутоа ако во тој меѓу - период ја изгубиме државата Македонија, тогаш е сосема јасно нема во која држава да ја освоиме власта, нема кои граѓани и кој народ понатаму да го водиме и

да учествуваме во извршната, законодавна или незнам која друга власт.

На тие преговори-:истакнавме дека сите членови на парламентарното мнозинство што го обезбеди мандатарот Петар Гошев, ПЦЕР, Коалицијата ПДП-НДП, РС - Либерална партија ч> СДС не да се слагаат, туку инсистираат да се формира концентрациона влада во која што ќе влезат сите парламентарни партии во Парламентот. Притоа, од страна на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ стана збор, и на партијата и натпарламентарната група, какво ќе биде решението во поглед на мандатарот заради тоа што се дозна во јавноста дека оваа парламентарно мнозинство предлага мандатарот да биде од СДС и тоа парламентарно мнозинство кое има обезбедено 61 глас, со тој предлог дека ќе излезе пред претседателот на Републиката. Пред да гоземеме како парламентарно мнозинство мандатот се обави конечниот разговор со претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и се постави прашањето, ако се влезе во концентрациона влада, пропорционални при што апсолутно не е точно овде ова што беше кажано дека и партијата и парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ е заобиколена незнам на каков начин и со какви игри, стана збор токму за тоа дека таа. парламентарна група:и таа партија пропорционално спрема бројот на пратениците ќе има ч најголем број на министри внатре и најголем број на функции надвор од министерските и потпретседатели и претседатели и стана збор за тоа како ќе се реши прашањето околу мандаторот.

Во договорот јасно беше искажано дека ако се формира концентрациона влада со учество на сите парламентарни партии, дека таа концентрациона влада ќе се формира со мандатор кој ќе биде предложен и поддржан од сите учесници во таа парламентарна коалиција, односно парламентарно мнозинство,Спрема тоа, станува, збор за целосен

демократски пристап во обезбедувањето на парламентарното мнозинство за формирање на првата политичка влада коалициона во Република Македонија.

Зошто не дојде до обезбедување на парламентарно мнозинство за концентрациона влада, повторно се содржани елементите во она што господинот Стефковски рече овде дека тие не се согласуваат со постоењето на ваква политичка коалициона влада како што е предложена денес на 'дневниот ред.

На крајот би сакал да кажам дека се наоѓаме во исклучително тешка состојба. Многу силни ветришта дуваат од север и тие ветришта можат да не дуваат сите независно од тоа на која националност или концесија припаѓаме. Во Република Македонија, како никогаш досега владее тешко разбојништво, тешко претурање на народните добра, во приватни раце. Во Република Македонија, денеска за 20 тона кашкавал се заработуваат чисти 15 милиони денари, во Република Македонија за 2 пренесени шлепери денеска се заработуваат чисти 50 до 150 иљјади марки, во Република Македонија царува шверцот и хаосот и секое одлагање понатаму ќе се одрази катастрофално на сите состојби во Република

Македонија(во салата настанува гласно реагираше на ваквата дискусија на пратеникот Ханџиски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве, молам, дозволете пратеникот да заврши.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

И на се она што е наша основна грижа пред граѓаните што не бираат.,

Дозволете, ако, навистина е оваа влада толку лоша, ако навистина оваа влада е толку некадарна, ако навистина овие парламентарни партии што застанаа и некои вонпарламентерни партии што застанаа зад

формирањето на оваа Влада ќе и нанесат толку лошо на Република Македонија и ако имаме сознание дека овој народ нема да приумре за наредните два-три месеци, дозволете таа влада и партиите кои што неа ја поддржуваат конечно да покажат колку се подготвени зло и штета да направат на Република Македонија и на таков начин сите граѓани кои ќе излезат на новите парламентарни избори за навек овие Болшевици а од вчера слушнав и ултракомунисти од кога како кандидат за министер за урбанизам и сообраќај влезе претседателот на Комората на приватниот капитал и сопственик на фирмата "Ултра" и ултракомунисти, дозволете народот на наредните избор в^. сите тие кои толку зло мислат на народот и граѓаните на Македонија да ги симне за навек од политичката сцена и да се исполнат желбите на некои кои се залагаат за демократија за повеќепартиски систем да останат сами на политичката сцена без опозиција, да останат сами на политичката сцена во моменти кога сакаме да извлечеме максимум од она што е основен механизам за извлекување на максимум и потенцијали и капацитети на секој народ,г, парламентарните демократија и повеќепартискиот систем.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Од место)

Барам реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, колку што можев да внимавам не беше спомната вашето име господине Анастасовски.

Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Имав намера да гласам против составот на Владата, меѓутоа некои работи ме принудија да гласам за иако имам големи забелешки за составот и кандидатите на Владата.

V/7

Јас сум за тоа да се избере новата влада поради тоа што Владата во оставка веќе не е легитимна и долго време седеше на овие клупи. Таа заслужи не да и дадеме недоверба, туку да ја протераме од овде, бидејќи и граѓаните на Македонија ги доведе до таа точка да за сега го зеле просјачкиот стап. Тоа може да се види и од генералниот штрајк на просеветарите, сосема на место и најавата на уште неколку генерални штрајкови во сите сфери на живеењето.

Ако вака продолжеше оваа нестручна влада и ако се викаше експертска меѓутоа беше ВМРО-овска, меѓутоа на ВМРО тоа му конвенира затоа што тие сакаат и да делуваат, да го фрлат пламенот и раката да ја кријат, меѓутоа како што според нивното кажување дека до сега сите точки од нивната програма ги оствариле, јас веднаш им давам гаранции дека и со новата влада ќе ги остварат и останатите точки. Тоа -ви гарантирам бидејќи и мандатарот со другите партии ќе работат на подруг начин да ги остварат тие ваши точки. Во тоа ве уверувам.

Дека таа влада не треба тука ни минута да седи зборува;
фактот дека во Македонија веќе некои работи се доведени до точката на вриење. За малку ќе имавме дури и граѓанска војна.

Ако ВМРО е свесна дека ги остварила сите точки од Програмата тогаш нема потреба да се буни воопшто за составот на Владата бидејќи сепак ќе има шанси да ги оствари и другите точки но под услов да ги реализира и прифати точките на другите политички партии.

Тоа што се фрла дрвја и камења за меѓународното не признавање на Македонија како резултат на дејствувањето на албанските политички партии, тоа не е точно, тоа е некоја инсинуација. Ве уверувам дека Македонија ќе биде призната само под услов ако сите македонци во оваа сала се декларираат како македонци. Набрзо ќе дојде признавањето. Ако друго се декларирани, ако друго се чувствуваме, за некои тоа и важи

признавањето нема да дојде никогаш. Се чудам меѓутоа метод на работа е на нашите партии да контактираат. Меѓутоа, пак се чудам како тие контактирале со ВМРО која има антиалбанска платформа? Сега им замери на нашите партии тука и плус некој човек тука да оценува дека ние би ги прифатиле тие како членови на Влада под услов тие да се чесни албанци, вие имате сепак уште чесни албанци во некои институции, во Министерството за просвета, имате чесни албанци во Телевизијата сега е време да одиме кон тие стварни албанци што нема да го мразат својот народ а ќе го сакаат и македонскиот народ. Тоа да ви биде јасно без такви албанци не ќе бидете и вие сигурни и чесни. Допуштите нашата кадровска политика да ја кроиме ние самите. Што ќе нудиме тоа ќе земете и вие што ќе нудите ние ќе:прифатиме, без оглед дали е тој голем македонец или мал македонец.

Сакам да кажам уште нешто, да додадам, немој многу да жалите за господин Гошев бидејќи тој е тука. И, традиција е, ред е членовите на други политички партии да не се мешаат во составот програмата и тактиката на една друга политичка партија. Ако вие навистина сте ценеле дека господин Гошев е по ваш вкус тогаш може да му предложите да биде член на ваша партија и ќе:ја спроведува вашата програма.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани дами и господа, две години чекам да расправаме во овој Парламент и расправата да биде чисто парламентарна, без повикување на партии, затоа што сите се криеме под плаштот на тие наши партии, а многу инвестираме од нашиот личен интерес. Меѓутоа, денес морам да направам преседан затоа што и мојата партија беше многупати спомната.

Јас се обраќам до господата од ВМРО затоа што нивниот координатор спомна и некои средби односно можеби некои така да кажам кокетирања со ПДП за да се оформи Влада. Јас уште тогаш учествував на тој разговор, а сега јавно ќе кажеме што реков. Вие, господо, од ВМРО добри сте во тоа што категорични сте против српскиот шовинизам и оваа денешна српска политика. Вие, господо од ВМРО добро ви е тоа што категорично сте против ортодоксниот, класичниот комунизам. Меѓутоа вие господа од ВМРО нешто немате во вашата програма и во нашата политичка активност, го минимизнрате албанскиот Фактор. Денес тоа се покажа и со некои настапи дека навистина се минимизираат албанците како политички фактори и тоа доста активен политички фактор во Македонија.

Можеби некој ќе рече дека ова е демагогија, но мене ми е навистина непријатно како може да се случи тоа најголемата партија со најбројни пратеници тука во овој парламент да не учествува во оваа Влада. Јас се прашувам; цело време зошто е тоа така. Дали треба да се преиспитуваат господата од ВМРО зошто. Неколку пати на оваа говорница го кажуваа и тоа во народот така се протура вести дека ВМРО е виновна. Зошто се протураат такви вести во народот? Зошто таа недоверба во ВМРО? Самиот чин што овие луѓе што седат од левата страна прифатиле во вакво време да бидат членови на Владата, на една Влада во сегашно време според мене значи дека се работи за доста храбри луѓе затоа што свесни се за тоа

дека ќе имаат многу многу силна опозиција. А јас мислам дек најдобра и највистинска демократија има тогаш кога има силна опозиција. Во овој случај нека биде силна опозицијата, но конструктивна опозиција партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Меѓутоа, јас ценам дека оваа Влада е и Влада некоалиционо политичка коалиција итн., ова е Влада која треба да обезбедува и коегзистенција на овие простори во Македонија. Сигурно, свеста за тешкотиите е кај нив, меѓутоа, кај нив сигурно се крие и надеж да сигнализираат со конкретни мерки дека на граѓаните на Македонија и понатаму му е потребен мир, спокојство, вистинска рамноправност, животна рамноправност, живот со човечко достоинство поткрепено со демократија и позитивни закони преточени од Европските критериуми, ако сакате и од последната Лондонска конференција. Без разлика како реагираат, некои кој беше таму, зошто беше таму, само едно треба да ни биде јасно: таму беа тие што беа поканети, а поканети беа сите тие незадоволни странки, И беа, нормално дека ќе одат.

Се повикуваме уште на тоа, мислам на некои што настапуваа лева Влада, па некои десна, ултра итн. Јас знам, јас сум свесен дека тој што е навикнат да пишува со лева рака тешко потоа пишува со десна. Меѓутоа, мене ми е јасно од една кинеска поговорка - ако патот тие 100 милји, мораш да го направиш првиот чекор. А тие луѓе што се за реформи не се сами од ВМРО-ДПМНЕ или ПДП, тие се и во СДС. Ајде да направиме една споредба со првите наши комшии, со Бугарија. Како се вика нивната партија која ги прави овие чекори во кои треба ние навистина да гледаме добар пример и трансформации. И таа партија се вика СДС. И тие се социјалдемократи, меѓутоа, тие прават огромни промени (во::салата се слуша реагирање од некои пратеници од ВМРО- ДПМНЕ).

VI/3

Приоритет има оваа Влада ќе биде: реформи во сите пори. Мене ми е јасно дека ние сеуште имаме социјалистичко мало стопанство. Точно е тоа дека е тешко и не се оди во тие реформи. Меѓутоа, мене ми е јасно и какви ситуации требаше да се води политика и да се водат овие трансформации. Мора да се бришат сите траги еден ден, што асоцираат со социјализмот односно комунизмот. Меѓутоа мора и да мируваат тие луѓе кои се раководители пред се, кои не сакаат да чинат никакви напори за нивна лична трансформација и да имаат демократско издание. Ако не, тогаш тие настрана. Треба да се залага оваа Влада. има една голема обврска, од институциите да исчезне национализмот, затоа што тој национализам кој е присутен во институциите, неколку пати тоа многумина го кажале, ги има и своите механизми за делува и многу е опасен, а ние како парламентарци, како слободни говорници, ние можеме да кажеме се. Меѓутоа, ако тоа се спроведе и преку .некој институција, тогаш тоа е многу опасно.

Оваа Влада треба да создаде услови за нови квалитети во меѓунационалните односи, пред се во македонско албанските односи во Македонија. А тие односи брзо ќе се стабилизираат ако се авансира статусот на Албанците во Македонија, но и статусот на сите граѓани во Македонија.

Јас верувам и се надевам дека оваа Влада може да изгради такви механизми, а како што реков да има конструктивна опозиција. А ние што сме галамџии еве морам денес со мојата личност да правам споредба, да речам дека сум и јас меѓу тие. Пред се, ќе не замолчи самиот наш народ и полека богами не замолчува. Таквите полека, полека се и демоде во политиката. Вие гледате дека веќе ги нема тие ракоплескања што беа на почетокот. Ги нема. Таа еуфорија полека спласнува. Сега се бараат конструктивни паметни луѓе. Тие кои не сакаат национална рамноправност и права на граѓаните како што вели народот кои не се од нивната сорта,

оваа Влада е должна да им прави таква замка во спортот таа се вика офсајт замка за да тие бидат надвор од политичкиот систем. Таквите кои уште не можат да проодат со политичка толеранција и разбирање Владата не може да ги вклопи во нивниот демократски механизам. Тогаш таквите ќе ги смета, јас морам да кажам, како пубертетлии во политиката и треба да ги смести во такви маргини и сите такви да ги почестиме ако не со друго со негативно јавно мение. Затоа, јавното мнение најдобро ќе разреши некои работи.

Јас мислам дека, иако ние сеуште не успеавме дури да ја презентираме Владата, ние почнавме по малку да даваме сугестии како треба да работи Владата, меѓутоа, еве пред време моравме да кажеме нешто за да се создаде клима да тече седницата понатаму со надеж дека ќе имаме нова Влада, нормално не како што ја посакуваат сите, но огромниот дел и на овие пратеници и тие што живеат во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ :**

Мислам дека бев спомнат од господинот Ханџиски, но се во позитивна смисла, така го оценувам.

Што се однесува за излагањето на господниот Исмет Рамадани и она негово укажување "кој пишува со лева рака, тешко ќе се научи да пишува со десна", сакам да го потсетам дека како членови на делегацијата во Соборот на Републиките и покраините господинот Исмет секогаш се ставаше на страната на делегацијата на Косово, гласаше како таа гласаше, ја напушташе собраниската сала кога ја напуштаа и тие. Навистина мене ми е драго да видам промена врз основа на овој пример што го реков, туку и во неговото однесување.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Точно е тоа што го рече господинот Томислав Стефковски, многу точно, меѓутоа сега ме става на линија на ВМРО. Јас тогаш гласав против кога беше избран Сејдо Бајрамовиќ за член на претседателството., јас ја напуштив седницата. Незнам дали овој аудиториум и оваа македонска јавност дали ќе се согласи со мене. Сигурно се согласува, а јас мислам дека и господата од ВМРО сигурно ќе се согласи. А тоа дека јас настапив и кога се работеше за довербата на Владата на господинот Марковиќ, и тогаш настапив и го кажав моето мислење, затоа што и тогаш господинот Марковиќ многу се трудеше да опстане СФРЈ а господата од ВМРО цело време викаат дека никогаш не биле за СФРЈ. Јас незнам тука во што се разликуваме. Јас тогаш ја напуштив седницата во една делегација која беше делегација од стариот систем, а јас како нов во таа делегација навистина не можев и денес, ако се согласува некој дека добро е што делегацијата од Македонија крена рака да се избере Сејдо Бајрамовиќ за член на претседателството на СФРЈ нека им е на чест.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дозволете ми да се вратам на процедуралното прашање односно на уставниот основ за избор на новата Влада.

Овде се спомна и решението на Уставниот суд што е дадено по моето обраќање до оваа институција и содржината ви е позната.

Што од сето ова да се каже? Можам да го кажам следното:

Ако уставотворците односно авторите што го предложија работниот текст на Уставот како и другите институции кои треба да го штитат новиот Устав, на крајно неуставен начин го овозможуваат во составувањето на монополот на неокомунистичката власт во Македонија и укинување на младата демократска демократија, како што во конкретниот случај тоа го

прави Социјалдемократскиот сојуз со новиот предлог за состав на новата Влада и ако тоа не се прави случајно, тогаш за целата оваа состојба, а посебно за уставотворците за господата Љубомир Фрчковски и Владимир Поповски, кои овде ги гледаме како личности кои прифатија да учествуваат во една Влада со која Македонија доби фактички легитимитет пред светот на тоталитарна неокомунистичка творба, што е неспојливо и со духот на уставноста што тие ја твореа, тогаш нема друго објаснување за оваа состојба освен со загриженост да се запрашаме дека постојат сериозни индикации кои укажуваат за појавата на длабока криза на доход. Поинаку не може да се оправда прифаќањето на нешто што е враќање на неокомунизам во Македонија освен како криза и како крајна деградација на духот. Ако веќе зборуваме за воспоставување на нова Влада, за која не можам да речам дека не е од редот на оние за кои основната логика ќе биде силата како аргумент, а не обратно, тогаш сметам дека излишно е овде да објаснуваме дека е неуставно тоа што го прави претседателот на Републиката со повторно давање на мандатот на една иста партија, на Социјалдемократскиот сојуз.

VII/1.-HH/MJI

**ДРАГИ АРСОD**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И тоа, се разбира мора да се смета за исправно и уставно иако тоа никој со здрав дух не го прифаќа, ниту пак го оправдува не само овде туку и во поширокта македонска јавност. За сето тоа немаме друго толкување освен дека однапред се се отфрла. Така го сфаќам и решението на Уставниот суд со кое се отфрла од Уставниот суд на Македонија и моето барање за давање мислење за примена на уставните одредби што се однесуваат на определување на мандаторот за состав на Влада на Република Македонија. Се разбира, со едноставно образложение дека од Уставниот суд не б^рам да се оценува уставноста нешто друго, на пример на она што е наведено согласно со членот 110 итн., со што јасно ми се даде до знаеше дека не треба да се прашува ни да се бара мислење за оние уставни овластувања и надлежности на претседателот на Републиката. Овде, во ова решение како што гледате не се спомнува ни актот на претседателот, господин Киро Глигоров со кој што го даде мандатот повторно на СДС, ниту пак се спомнуваат оние членови за кои што јас барав мислење, на кои што тој се повикува односно на уставниот член 84 алинеја 1 и членот 90 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Господа пратеници, со жалење можам да констатирам дека прекратко траеше радоста на македонскиот народ и на граѓаните на Македонија кога на првите повеќепартиски избори го дочекаа моментот по речиси половина век на еднопартискиот тоталитарен систем да го речат своето не на противнародно воспоставената власт во Македонија. Денес сме соочени со стварноста насилно да биде прекинато она за што македонскиот народ и граѓаните се определија на изборите за демократијата во Македонија. Онаа наша возвишена цел кон која се стремевме односно она што врз основа на

изборните резултати ВМРО-ДПМНЕ се надеваше дека ќе добие поделба на власта, дека ќе добие рамноправно учество во градењето на демократските процеси. За жал остана како наша далечна илузија. Македонија се враќа таму каде што беше, во редот на ретките бастиони на неокомунизмот, во редот на темните вилаети. Ова е место и момент да се потсетиме и на улогата за сето ова што ја одигра и актуелниот претседател на Републиката кој како кандидат на оваа функција при поделбата на власта остана докрај недоследен затоа што на партијата која му ја обезбеди таа функција, на бившиот Сојуз на комунисти СК - Партија за демократска преобразба, односно Социјалдемократскиот сојуз сега и се оддолжува со иста мерка и им ја овозможува челната функција во извршната власт во Македонија. Така она што беше уставно стана неуставно, законското незаконско, демократското недемократско. Причината, затоа, како што изјави за јавноста и министерот господин Илија Анттнов - Ченто е кршењето на уставните и демократските принципи со повторното доделување на мандатот за состав на нова Влада на претставник на ултракомунистичкиот дел на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Тоа мислење лично високо го ценам.

Со жалење можеме да констатираме дека не е искористена шансата со доделувањето на мандатот за состав на нова Влада на ВМРО-ДПМНЕ за враќање на демократијата во Македонија. И овој пат на оваа. партија не и беше овозможено да го добие тоа што и припаѓаше според изборните резултати. Социјалдемократскиот сојуз повторно не го почитува вонпарламентарниот договор за поделба на власта со одбивањето да учествува и да ја поддржи Владата на ВМРО во Парламентот во оној момент кога ВМРО-ДПМНЕ, господин Ханџиски го доби мандатот. Тогаш требаше да ја прифатите поделбата и со тоа Социјалдемократскиот сојуз

пред целата јавност ќе покажеше дека е спремна за по- делбата на власта да се вклучи ВМРО во демократските процеси и на тој начин пред светската јавност да кажеме дека во Македонија освен партиите што произлегоа од поранешниот комунистички систем во влас- та учествуваат и партиите кои што се со поинакво политичко уверување.

Јас сметам дека тие што земјата ја доведоа до криза сега не можат да ги дадат решенијата и затоа не може да ги даде тие решенија ни оваа Влада што сега се нуди. Затоа што целите се сосема јасни. Социјалдемократскиот сојуз со ваквите маневри, со користење на функциите претседател на Републиката, што го обезбедиме со давањето на кандидат кој што е од оваа партија, како и сега со обезбедувањето на функцијата на извршната власт покажува дека воспоставува монопол на власта во Македонија. Реков,целите за тоа се јасни. Тие не сакаат да се откажат од своите интереси, не сакаат да се откажат од привилегиите, од контролата на власта, од контролата на капиталот на претпријатијата и на сите други институции кои што ги служат исклучиво за своите цели и за останувањето на позициите кои ништо не се друго туку продолжување на системот кој што насекаде во светот, па и овде нема друга иднина туку распаѓање.

На крајот сметам да кажам дека Македонија никогаш до сега ни политички, ни духовно ни морално не била спуштена на толку ниско ниво како што е тоа случај сега кога повторно се доделува мандатот за состав на нова Влада на Социјалдемократскиот сојуз. Сето тоа за нас е крајно неприфатливо затоа што е неприфатливо и од морален аспект.

Благодарам.

VII/4 . -

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Јас повторам само едно тврдење кое што неколку пати го образложив овде.

Според нашиот Устав во услови кога во Парламентот ниедна партија нема парламентарно мнозинство самата не може сама партија да добие мандат. Мандатот може да го добијат партии кои што ќе обезбедат парламентарно мнозинство. Според тоа ако не се вратиме на се она што досега овде е зборувано сосема е јасно дека ако една група на парламентарни партии во еден момент кога беше мандатор Петар Гошев обезбедила парламентарно мнозинство и ако тоа парламентарно мнозинство останува и понатаму тогаш е сосема јасно дека тие што се надвор од парламентарното мнозинство немаат парламентарно мнозинство за да формираат Влада и како такви не можат да добијат мандат*. Според тоа од моментот откога ВМРО-ДПМНЕ не можеше да обезбеди парламентарно мнозинство за формирање на «Влада и го врати мандатот, сосема е јасно дека мандат можат до- бијат само оние кои што имаат парламентарно мнозинство. Затоа да не се враќаме повторно на тие дилеми.

Па уште една работа да кажам. Господинот Арсов учествуваше во сите разговори за обезбедуваше на парламентарно мнозинство и тогаш кога тие добија мандат за да добијат парламентарно мнозинство и тогаш кога го вратија, па втората партија, СДС доби мандат да обезбеди парламентарно мнозинство. Во сите тие случаи не да не сме прифатиле да работиме заедно за добробит на сите граѓани на Република Македонија, туку одевме уште пошироко барајќи да се фор. мира концентрациона Влада во која што ќе учествуваат претставници на сите парламентарни партии на пропорционална основа при што се постави таква дилема и прашањето што со мандаторот. Јасно е дека во таква концентрациона Влада за мандатор

може да биде само лице кое што ќе биде поддржано и прифатено од сите учесници во .тоа парламентарно мнозинство. Тоа е едниот од елементите кои што попречи да се оди на решението концентрациона Влада и уште тогаш кога ВМРО- ДПМНЕ го имаше мандатот заради тоа што тие во првите преговори и до крај останаа цврсто на тоа, излегоа со предлози за кадровско решение во три клучни ресора и за претседател на Владата за кои што апсолутно не сакаа да дискутираат за тоа дека мора да се обезеди согласност од сите тие што ќе учествуваат во парламентарното мнозинство. Оттука е сосема јасно зошто ние на вторите преговори повторно се вративме со понудата сите да учествуваат во Владата на пропорционална основа. ВМРО-ДПМНЕ со најголем број на пратеници да има најголем број на ресори, а претседателот на Владата јасно да биде општо предложен, прифатен од сите учесници во коалицијата.

Уште една работа сакам да кажам, да не се повторувам. Овој чекор што денеска е преземен од тие партии кои што имаат парламентарно мнозинство за формирање на Влада е пионерски чекор и многу ризичен чекор. Сите тие што влегоа во Социјалдемократскиот сојуз со таков ризичен чекор, па и Реформистите - Либерална партија и коалицијата НДП, ПЦЕР итн. не може во овој момент да носат оценка колку позитива колку негатива ќе донесе овој пионерски, ризичен чекор. Меѓутоа на сите ни е јасно дека во иднина стабилност, сигурност, услови за работа и за развој во Република Македонија нема никогаш да има ако не се формира Влада во која што ќе учествуваат сите парламентарни партии, сите националности кои што имаат свои претставници во Парламентот, при што морам да кажам дека не е се исто во Владата да учествуваат Албанци ако тие не се претставници на ПДП и НДП кои што го претставуваат...

(Реагирање на пратениците ВМРО-ДПМНЕ).

VII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е реплика, ве молам завршете.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

За нас е сосема јасно дека за Македонија во поглед на стабилноста иднината е во формирање на Влада ваква каква што е оваа, во која што се внесува сосема нов квалитет, не да е само политичка од повеќе партии туку и повеќе национална, поддржана и од национални партии во Парламентот и вон национални партии, како што е Демократскиот сојуз.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господо, почитувани народни претставители, ако сме тоа. Ако ги исклучиме оние навреди кои беа на личности упатени јас досегашната дискусија можам да ја разберам барем кај најголемиот број колеги, дискутанти како промоција на своите програми и стекнување на одреден рејтинг. Тоа сум го кажал на неколку пати и ако веќе во тој поглед ги исцрпевме своите настапувања мислам дека сега треба да поминеме практично да работиме.

Многу од нашите расправи и дискусии се водеа за Влада и за премиер на таа Влада кој сеуште е тука пред нас не излезе и не го изнесе својот проблем. Ние треба тоа да го чуеме, да го сослушаме и тогаш треба да ги искажеме своите несогласувања или согласувања со таа програма која ќе ни биде понудена. Инаку, ние завлеговме веќе длабоко во материјална расправа прво оценувајќи ја работата на досегашната Влада и оценувајќи дека и оваа Влада која доаѓа веројатно нема успешно да ги решава проблемите без да го сослушаме премиерот и без да чуеме што тој нуди на планот на разрешувањето на проблемите.

VII/7.-

Тоа овде што беше кажано дека падна Владата која досега ја имавме поради тоа што беше експертска, па некои рекоа не беше експертска туку беше и таа политичка Влада, па може да се чуе и во кулуарите дека таа Влада падна како резултат на разни .сплетки, разни интриги, разни договарања, разно политикантство, политики итн. Можеби има нешто од тоа, меѓутоа таа Влада падна на економски план. Падна затоа што не завладеа пазарна економија. Ниедна Влада нема да успее ако не пристапи кон решавање на огромните економски проблеми. Ако економијата е база и стожер на општеството, а политиката и сето останато само надградба на тоа тогаш нема ниедна Влада своја перспектива. Ние да дадеме шанса.

Прво да ви кажам, во ова време во овој момент така сложен и така тежок тој што го превзема бремето да формира Влада, да ја води оваа држава, да владее во оваа земја тој мора да биде или многу храбар, многу смел или многу да знае. Ова е тешко време. Никој не траба на оваа Влада да и завидува.«%ваа Влада веројатно е е свесна и во ризикот во кој што ќе влезе и во огромните проблеми во кои што ќе дојде. А ние што побрзо треба да формираме Влада не од друг аспект туку од аспект на тешките економски проблеми затоа што соковите од таа антиинфлациона програма што ние ја усвоивме се веќе исцицани, не постојат. Вториот дел од антиинфлационата програма не се ни направи, не се ни створи. Вие се сеќавате колку за тоа ја се залапав во другата сала. Тие стожери на кои што овде често се повикувате, тие четири сидра - тие во учебниците по/средните школи се учат и се знае дека траат само два месеци и после тоа настанува страшна експлозија ако нема втор дел на таа програма кој што сега треба веќе да ги дава ефектите во развоен дел, во развојот итн. Оваа Влада ја чекаат огромни проблеми во тој правец затоа што првите сидра се исцрпени, втори не постојат, трети треба да се изготват и ние се

VII/8.-

наоѓаме пред страшен економски хаос, гледате штрајкови, огромни социјални немири, тешки економски проблеми.

Според тоа, да не зборувам понатаму би предложил имајќи во предвид дека сите се претставивме овде како партии, извршивме своја промоција, кој колку стекна рејтинг ќе покаже времето, а сега да го усвоиме дневниот ред да чуеме каква Влада ни се предлага, со каква програма ни се нуди па тогаш по таа програма и за таа Влада да се изјасниме. Јас предлагам практично да преминеме да работиме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас малку работи кажав, но сега се враќам пак. Пред мене се министрите, претседателот на Владата и Парламентот. Не сакам да зборувам за тоа што не сум бил во Кумровец, се обраќам до господинот Ханџиски, тој е професор на факултетот, добро воспитан, не сакам да кажам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам треба да избегнувате да се обраќате директно овде, ве молам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Директна реплика и пред да почнам да говорам, тоа што ми се набушени главите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е обичај во парламентарната демократија.„

VIII/1/дв/см

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Дојдовме тука со една задача да ја направиме оваа држава, со демагози И со луѓе KOW ГО реставрираат старото не може да биде држава. Верувајте ми дека никаде во светот нема да не признаат. Ние уште мали деца ја осетивме демагогијата, уште како ученици. Каде е господинот министер нека ми го донесе досието тука.

Малку ќе се вратам на предисторијата. И децата заклани во Ваташа, и децата заклани Струмица и ние децата од 17 години ученици што ни ги корнеа ноктите во Грција бевме исти. Чекавме еден таков ден да се собереме и да се видиме. Ние не дочекавме. Не дочекаа ни тие во Ваташа ни тие во Струмица. Тие скапуваат. Сега оној системот место да ги освети тие места, тој систем кој немаше жал за човек, тој систем го уништуваше народот, не викам само за македонците во оваа држава. Некој пак за сметка на овие жртви се богатеше.

Ве прашувам кога во овој Парламент се разви една таква дискусија? Јас неколку пати кажав историјата да се исправи, да се исправат псеудоисторичарите, лажливите историчари. и малку болка и грев ако имаат во душата оние што се обогатија, господине Фаик ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема смисла сега ова. Ова е разговор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не вреѓам никого. Да си ги кажам болките и уште еднаш не излегувам да говорам.

Морално прано. им се даде ли за да се смират коските на сите луѓе кои загинаа за оваа заедница и да се свестат живите врз кои коски се гради оваа земја, за да донесат праведен суд на една влада како и што треба да прави и да управува.

Рековме дека не не признаваат. Па не не признаваат бе Бранко w нема да те признаат, јас ти го зборувам. Ти си мало дете, ќе пораснеш, си учен (негодување во салата).

Не доста. Детето треба да сфати дека зема една голема одговорност. (Вие знам кои сте господине, ќе ви кажам попосле и за вас. Вака ако се нафрлиш уште еднаш ќе ти_кажам кој си и зошто седиш тука и кој те одбра.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте да заврши.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Земаш голема одговорност. Ако не го избридочп од паметот она што ти го натури режимот, оној систем кој уште го држите, немаш перспективи на оној свет што се создава. Ниту ти ниту твојата Влада.

Македонија е во пресвртница, да биде или да не биде. Ние треба да бидеме свесни во една друга работа. Јас никогаш не сум бил против човек, најискрено ви тврдам. Јас мислам вака. И сметам и тврдев и ви викам. Ако не постои национално единство меѓу сите партии односно меѓу сите луѓе кои живеат во оваа држава залудно ќе биде да се собираме, залудно ќе биде да создаваме, затоа што нема да бидеме моќни да создадеме. Во тоа бидете уверени.

Ако дојдовте тука w ако правите Влада утре да го заколеме детето на Митко вие не сте направиле ништо. Вие не отстапивте од стапот на првобитното. Вие сте исти што беа тие до вчера. До сега не сум слушнал во овој парламент од никоја уста од вас, освен од неколку, можеби од мојата партија, можеби од некој од СДС, еднаш спомнале, дека оваа држава не ја правиме сега ние. Таа држава Македонија се градеше уште од Александар Македонски, се градеше уште од тие дедовци наши KOW ГИ оставија очите во Дојранското Езеро и никој не се грижи за нивните очи, се пресушува. Се градеше таа држава наша во времето на Илинден во Крушево во Костурско, во Леринско во Кичевско во Дебарско итн., со жртвите што ги даваше нашиот човек. Секоја грмушка, секое долче е поток од крв и плач.

Се градеше таа држава и во времето на НОБ. Никој тоа не може да го оспори, како што некој сака да го оспори обвинувајќи го ВМРО дека ќе му ги укине пензиите. Која е таа сила која ќе му ги укине пензиите на борците. Сте го поставиле ли прашањето некогаш, чекајте бре, каде одиме ние. Кои сме ние што можеме на борците кои се бореле и гинеле за доброто на оваа држава да му ги скинеме пензиите. И такви работи јас слушам. Не другари, не господа, не сте во можност да ги укинете пензиите.

Се прашуваме ли ние некогаш зошто се уништуваше нашиот народ? Не. Уште во нашата мисла е сатаната, не кај с»те, простете не велам кај сите. Доста е еден сатана да има внатре во една куќа, куќата се руши. По ослободувањето w во времето на ослободувањето сатаната работеше. Првоборците, добрите борци, добрите патриоти си го најдоа местото во затворите и во логорите. Се уништија. По нив следеше плејада, како Ченто кој не го споменавме за жал, не го гледам ни син му на Ченто овде, и други

ваши татковци и дедовци, умреа по затворите. Врз нивните плеќи се грабеше оваа држава.

Сега, господин Ханџиски, доаѓаме на прашањето за хаосот денес. Ми се чини дека ни оваа Влада ни претходните не се виновни за претходниот хаос. Грабежот значи продолжи. Само сега се пазам од уште една работа и треба да се чуваме до социјален хаос. Државата се градеше систематски од режимот, од оној режим што сакаме уште да го држиме. Како ќе речеш се крадеше. Сега ќе се увреди некој од директорите, дај боже да нема таков случај. Директор^те беа неприкосновени. Тоа самоуправување беше фарсата на крадењето. Работникот беше послушен граѓанин на директорот. Тешко на тој работник кој не ќе ја спомнеше волјата на директорот. Никој директор, иако некој се осуди, не лежел во затвор. Иако лежел малку колку да помине по редот или пак беше префрлен во друго претпријатие. ГГ претпријатијата беа претпријатија на арамилук, на кражби. Тука се зеде националното и народното богатство, не е Ханџиски од Вчера и денес. Тој има подлабоки корени. Да го оправдаме тој режим и да ги заштитиме тие луѓеземаме врз себе голем грев.

Одам во Охрид, гледам сиромаштија, деца боси, голи, точка немаат, а гледам деца на некои што ги познавам и возат глисери. Се прашувам, мајката,;овие голи, боси леб нема да јадат, а овие со глисери, ќе те утепат внатре во Езерото, а ако знаеш Ханџиски чии деца се тие, ќе се чудиш.

Што треба да се направи. Уште еднаш пред овој Парламент го поставувам прашањето бидејќи еден закон, ми се чини го имаме донесено за деприватизација односно враќање на имотите на тие што им се земени,

но еден закон со кој ќе треба да дадат сметка тие луѓе што го украдоа народното благо. Не е тешко. Тие вили, тие куќи, тие богатства, тоа не е направено, а нашиот човек умира по Германија во Шведска, Америка, а парата нивна, е таа сега му е украдена.

Некогаш вие дали размисливте, да ве прашам господа колку девојки наши не се мажени. Зошто не се мажени? Чекајќи на бирата за запослување отидоа во странство, а нивните мајки стари, умирајќи за да го видат среќно тоа дете. Децата останаа немажени. Многу наши деца го фатија далечниот пат v таму умчраат, а некои на нивна сметка се богатат.

Еве јас толку,имам многу да кажам, но ќе престанам затоа што тоа ме загрижува. Ве молам, погледнете во каква ситуација е стопанството. Ако дозволиме тоа стопанство што го имаме и тие капитални фабрики паднат во рацете на акционери KOW немаат пари или со некакви акции лажливи, тоа ќе личи на една песничка "Блазе му на таа мома што си купив фустанче без пари".

На време сум рекол една работа. Владата и овој Парламент се задолжуваат под најитно ако сакате внатре во државата да имаме пари и капитал, да се направи национална банка на Македонија. Инаку немаме излез. Инаку никој нема да има доверба да ни даде ни половина динар.

Една друга работа. Малку ме загрижува една ситуација а тоа е хаосот на пазарот. Нормално дека ќе биде хаос, бидејќи немаме државни органи, немаме државна управа, кариаристи, бирократи, митаџии, незнам какви. Нема држава. Немаш пазар, немаш ред, немаш редовни даноци и целата тежа ќе падне на работникот, на земјоделецот на вас интелектуалците, на

нас пензионерите и на целиот народ. Тука  е сега мурафетот што викаме, како што викаат како да дојдеме до едно единство, како се ја извлечеме од ова што го направи системот, а не да го јачаме стариот систем. Стариот систем да го јачаш е многу лесно. Диктатура на полиција, незнам како тепање, го јача. Тоа е метод на понижување на личноста на човекот и држање под режим.

Прва задача ќе биде стариот систем од корен да се ликвидира, со пазарната економија. Ако тоа не го направиме ние не сме направиле ништо. Ние го ставаме во запрега волот, не да ора нива, да ора камења и никогаш нема да бидеме луѓе. Верувајте ми во некоја работа што ќе ви ја кажам. Ако се прегнат воловите, еднаш тоа сум го рекол, едниот да оди вака другиот онака, не може.

Уште една работа ќе ви кажам. Сите метафори што сум ги кажал тука, што некој се смееше, ве уверувам дека тоа се чисто мои метафори w не само рокчиња што ќе кажат мали полжавите, но рокчињата ќе им пораснат како на елени, такви големи рогови. Сега можете да се насмеете. Јас незнам што друго да ви кажам, но треба да бидеме паметни и треба да бидеме достојанствени и треба да бидеме хумани и треба да имаме друго срце. Ако некој од министрите мисли поинаку, јас реков и завчера, јас ги почитувам другарите министри, само двајца министри некако не ми паѓаат во око. Тогаш нека си ги земаат палтенцата и да не чекаат никаква поткрепа од овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 15,30 часот.

IX/1 РД/ПН

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Збор има господинот Ацо Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, зедов збор на денешнава седница да укажам на некои уставни определби што сметам дека не се присутни кога ов поставува проблемот за формираше^на нова Влада. Секако останува отворено прашањето, односно повеќе прашања во однос на тоа а тоа го спомна и повеќе говорници за еднаш искористено право. Пред нас беше презентирано мислењето на Уставниот суд по однос на оваа уставна определба, меѓутоа за истото може да се каже слободно дека решението на Уставниот суд не нуди прифатливо решение во смисла на тоа дека истото само укажува на члетѓот1 110 од Уставот на РМ, односно каде што се дадени уставните овластувања на Уставниот суд, по однос на проблематиката која ја решава, меѓутоа, во точка 8 од Уставот на РМ во однос на овластувањата на Уставниот суд на РМ точно се утврдени и други прашања кои треба да ги решава Уставниот суд на РМ, а кои се регулирани во Уставот. Така тој воопшто не дава објаснување во однос на уставниот рок кој беше определен од 20 дена, не ни дава објаснување и тука има едно прејудицирано право, кое си го зема определена партија, веројатно присвојува некој друг рок, надвор од Уставот, за мене непознат рок, ако ВМРО добие 20 дена а СДСМ го чини тоа после 20-от ден веројатно добива некој уставен рок од 30 дена, а Уставниот суд тоа го крие и не ни го кажува и врз основа на што се засновува сето тоа мене апсолутно не ми е јасно,

меѓутоа, морам на некој начин да констатирам на дека во овој суд постојат, личности, земајќи ја функцијата на претседателот на Уставниот суд и на некои членови на Уставниот суд кој веројатно постапуваат на начин како што е присутен во Централниот комитет на СДСМ.

Меѓутоа, поентата на моето искажување не беше на тоа се однесува во однос токму на почитувањето на уставните определби. Јас ќе укажам на некои работи кои оваа Влада ми се чини дека ги промаши, а дојдоа тука на седница на дневен ред. Сметам дека и треба господинот претседател Стојан Андов овие мои укажувања да ги согледа, во смисла на тоа да оцени дали постапуваме уставно и коректно и можеби не треба ЗПК да даде определено мислење во однос на определена законитост. Пред се, ќе се задржам на членот 89 од Уставот на РМ. Во став 1 на овој член стои: "Владата ја сочинуваат претседател и министри". Во ставот 6 од истиот член стои: "организацијата и начинот на работа на Владата се уредуваат со закон". Сведоци сме на една предлог - листа за состав на Владата на РМ, каде што помеѓу другите присутни работи, покрај тоа што постои претседател на Влада и министри имаме и потпретседатели на Влада, како што се Стево Црвенковски, Беќир Жута, Јован Андонов. Ако во Уставот изричито стои Владата да ја сочинуваат претседател и министри, ако во ставот б од истиот тој Устав се зборува дека организацијата и начинот на работата на Владата се уредуваат со закон, тогаш прашувам дали воопшто држи оваа понудена концепција во однос на мандаторот, кој нуди и потпретседатели на Влада. Иако истото е спротивно на Уставот, дали воопшто треба да се примени.

Тоа е едно прашање кое господине претседателе ценам дека преку ЗПК мора д го преиспитате и на овој Парламент добро да го објасните.

Понатаму, во предлогот за министри во однос на определени ресори, а тоа се ресорите за внатрешни работи, за правосудство, за народна одбрана, буквално стои во предлогот од Владата дека тоа се кандидати на пратеничката група на СДСМ. Вие господа во старт го изгиравте законот за политички партии. Законот за политички партии точно нагласува дека овие министерства се деполитизирани. Нудите пратеници од СДС на овие места. Вие во старт го изигравте овој закон. Што значи тоа? Можеби новата Влада ќе го менува законот, или малку сме отишле понапред од законот, па зедовме за право да излегуваме надзор од законот и ќе постапуваме онака како што и постапивме, односно ќе понудиме партиски определени личности на места на кои апсолутно во законот за политичките партии стои дека се тоа деполитизирани места.

Ве молам господине претседателе да обрнете внимание на оваа околност. Исто така и ЗПК да укаже свое мислење по однос на законитоста на оваа определба.

На крајот јас не би се задржувал многу во процедурални работи, меѓутоа, едно кратко објаснување во однос на она што беше искажано пред оваа говорница иако и овие работи незаконски ги прескокнеме, тогаш ќе го задржам правото и за поодделни министри да кажам колку тие заслужуваат да бидат внесени во оваа Влада, меѓутоа, општо да кажам дека оваа не е нова Влада. Оваа е реконструкција на Влада. Исфрлено е се она што не му одговара на господинот Киро Глигоров и господинот претседател на Парламентот Стојан Андов, што зборува и скорешното дистанцирање на одредени пратеници од партијата на Реформските сили. За жал, дојдовме во состојба една најмногубројна партија од Парламентот со бирачко тело што беше спомнато колку од македонскиот народ се определил за тоа,

односно за таа партија.. која е исклучена од учество во Владата. Секоја ви чест ако е ова демократија. Дали ова не е неокомунизам. Формиравте Влада со оние кои перманентно ќе работат против меѓу- народното признавање на РМ.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам две процедурални забелешки, иако дневниот ред сеуште не е усвоен, а веќе расправаме за точка која не ни усвоена и затоа ќе се задржам на конкретните предлози кои беа дадени во текот на расправата, а за новата влада ќе го задржам правото да расправам кога точката ќе биде усвоена.

Прво, во расправата беше предложено, за што сметам дека Собранието треба да се изјасни, тоа е мој личен став, за продолжување на 41-та седница, третото продолжение. Барање за продолжување на 41-та седница беше поднесено од моја страна, разгледано од ова Собрание на 24 август, на 48-та седница на почетокот за што Собранието одлучи 41-та седница да се закаже дополнително од кога ќе завршат со работа комисиите. Комисиите завршија со работа, ги разгледаа амандманите кој што беа во постапка поднесени и сметам дека се исполнети условите таа да биде окончана. Пред се сметам дека 41-та седница треба да биде разгледана со мандат на постојната Влада, заради тоа што законите што ги ставивме на дневен ред на 41-та седница се предложени од постојната Влада со претставници за седница на Собранието со поднесените закони од постојните министри во Владата. Тоа е прва забелешка.

Втора забелешка во расправата е изразено едно сомневање за согласноста на изборот на нова Влада и одлуката за изгласување недоверба на постојната Влада со член 10 став 1 од Уставниот закон.

Известени сме и тоа дека е поднесено барање до Уставниот суд за оценка на законитоста на одлуката за изгласување на доверба на постојната Влада и затоа барам по однос на овој предлог кој што беше во текот на расправата поднесен да се прекине со работа на 49-та седница, за да ја сочекаме одлуката на Уставниот суд и кога тоа ќе биде исполнето истото да го добие конечниот епилог, дали ќе се одржи со оваа точка или не.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека без потреба се пролонгира расправата околу утврдувањето на дневниот ред. Самата расправа покажа дека, всушност, ние и по дневниот ред расправаме. Мислам дека е право на секој пратеник да поставува деловнички, процедурални и други прашања, меѓутоа ниеден пратеник веројатно не му е дадено за право врз основа на своето прашање да гради политика на кочењето на процесите на демократизација во македонското општество. Пред да кажам неколку збора за позицијата на либералната партија, односно пратеничката група, во однос на преговарачкиот процес за избор на нова Влада, сакам да укажам на две работи овдека што се провлекоа во две дискусии, а кој во извесна мера можат да имаат лоша реперкусија во процесите на меѓународното признаваше на Македонија. Имено, веројатно во жарот на своите дискусии овдека двајца пратеници господинот Стефковски и г-динот Арсов искажаа две оценки за статусот на РМ, односно државноста на РМ. Едниот искажа дека автор на РМ ВМРО-ДПМНЕ, а вториот рече дека ние сме неокомунистичка творевина. Мислам дека тоа се две несериозни констатации и молам пратеничката група

неакко да се огради од ова, или да се констатира дека бидејќи на тој начин, само создаваме простор на грчката и српската политика, која на истите тези тврди дека ние сме незнам каква творевина.

Што се однесува до самата тема, процесот на преговарањето за формирањето на новата Влада, ние како пратеничка група и при оценката за работата на досегашната Влада, појдовме од еден многу битен факт, а тоа е дека по донесувањето на Уставот на РМ осум - девет месеци, во кој постоеше таканаречена експертска Влада, не постоеја ниту уставни, ниту политички основи за функционирање на таква Влада, покрај сите други критики кои се однесуваа на активната работа на програмата на таа Влада. Тоа беше појдовна позиција и во преговорите со сите партии, кои од страна на претседателот на Републиката добиваа право врз основа на Уставот да формираат парламентарно мнозинство за избор на Влада и затоа точни се констатациите во излагањето на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и на Социјалдемократскиот сојуз во кој поддршката за формирање на политичка Влада ја имаа и едната и другата партија, со таа разлика што ние ја поддржувавме со бројот на гласовите кој можевме да ги обезбедиме во парламентарната група, малцинската, односно коалиционата партија која ќе ја предложеше ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека тоа е еден коректен однос што г-динот Стефковски овде го искажа. Меѓутоа, преговорите за таа Влада одеа од позиција да се прави коалиција или мнозинска парламентарна Влада од двете најмногубројни партии во овој Парламент, за која коалиција односно мнозинска Влада,, ние конкретно сметавме дека би функционирала токму како лево ориентирана Влада, заради тоа што во тој спој ќе се најдеше егалитализмот на ВМРО-ДПМНЕ и левата варијанта на Социјалдемократската партија. Тоа сакаме ние да го признаеме или не, ќе

IX/7

Биде еден неприроден спој во кој позицијата на Реформските сили - Либерална партија не ќе можеше да се препознае бидејќи однесувањето на таа Влада ќе беше многу далеку од центарот. Тоа ние го проценивме како лошо и за Републиката, поготово за меѓународното опкружување на Македонија. Со влегувањето во парламентарното мнозинство на овие три партии кои партиципираат во составот на новата Влада, сакаме неколку цели да постигнеме и уште сме на мислење дека ќе ги постигнеме, а прво и основно е како да се формира Влада. Прва причина за тоа е што е можно побрзо да се заврши всушност изборниот процес, кој во Македонија врз основа на изборните резултати не е завршен. Нам ни беше прифатлива и таканаречена пропорционална Влада, не знаеме од кои причини прво пласираната партија не влезе во таква Влада, меѓутоа, може да се каже дека простор за такво вклучуваше на оваа партија може по формирањето на Влада, со реконструкција, со договор, со премиерот во тој момент, така да ако е позицијата во Македонија да формираме и таква Влада нема ништо причина да се отвори и тој процес.

**ЗОРАН КРСТЕСКИ**: (Продолжение)

Втората причина за која бевме посебно заинтересирани тоа беше да биде Владата така да речам политичка обоена за да се дефинира и политичката одговорност на секој носител на јавната функција на Владата односно на министрите бидејќи не можеме да одржиме активност на една Влада и на поединци на таа Влада кој функцијата на своето политичко и државно ангажирање го гледаат преку задоволување на некои лични интереси. Не може да си објасниме како таа Влада до последниот момент делеше станови на своите министри па дури и на зградата на госпоѓа Ратка Димитрова изградија цел еден спрат. Не можеме да прифатиме како еден министер од 60 квадрати преминува во 120 квадрати, не можеме да прифатиме да остане една Влада во која министрите влегоа како акционери на некои приватни банки, претпријатија итн., а на другата страна се шири демагогија од прв степен. Ние тие работи не можеме да ги толерираме и ќе настојуваме преку новата Влада и пратеничките прашања, преку другите форми на демократско изјаснување и процедуралните работи во правната држава да дојдеме до некои вистини кои нема да ја олеснат ситуацијата во Македонија, меѓутоа ќе покажат кој бил кој во тој простор.

Втора работа што е многу битна со формирањето на оваа Влада, а тоа е политиката на Република Македонија да се приближи што е можно поблизу до центарот и да се пристапи кон порадикални промени во политичкиот и економскиот систем. Сметавме дека е неопходно да се забрзаат по радикалните и сеопфатни промени бидејќи сметавме дека бавноста во трансформацијата е тесно врзана со политичкиот естаблишмент што го спроведоа и затоа акцентот во преговорите го ставивме токму на Министерството односно на политичкиот систем.

X/2

Го баравме Министерството за внатрешни работи поради следното: да се одбегне надворешната критика за така наречена комунистичка партиска полиција. Да се либерализираат внатрешните односи, а полицијата стручно да си ја обавува работата, да престане со плашеше на луѓе со разни досиеја ако тие ги има да станат еден цивилизациски процес како во секоја правна држава на отворање на тие досиеја и нивно судско уништување. Сметавме дека тоа може да го направиме.

Во делот на политичкиот систем инсистиравме да го добиеме Министерството за правосудство ценејќи дека можеме со стручните квалитети на кандидатот и воопшто на оној потенцијал во Македонија кој може да кореспондира со современите политички и правни промени за да ја обезбедиме поделбата на власта на судска, законодавна и извршна. И покрај тоа што не успеавме да добиеме ресори во овие министерства сме на мислеше дека не е добро за политичкиот процес во Македонија што една партија ги доби Министерството за народна одбра Министерството за внатрешни работи и Министерството за правосудство и управа.

На крајот би рекол неколку работи кои мислам дека треба чисто како една правничка логика да се отстранат од стварањето на у некаква хипотека на претседателот на Републиката во однос на доделувањето на мандатите. Секој оној кој сака правилно да ги чита законите односно Уставот точно ќе го протолкува членот 90 од Уставниот закон во кој претседателот на Републиката е должен, подвлекувам е должен да го даде мандатот на партија односно на партии кои имаат мнозинство во парламентот. Така да не станува збор за никаков приоритет, право искористено на партии итн. Пречекорувањето може да се однесува само ако е дадено мандат на кандидат на партија односно партии кои немаат мнозинство. Таквиот однос може да се види само по пат на гласање за

Владата усно ако Владата во моментот на изгласувањето не добие 61 глас.

Исто така толкувањето на член 10 од Уставниот закон во кој Собранието на Република Македонија во постојниот пратенички состав претседателот на Републиката и Владата на Република Македонија продолжуваат, подвлекувам, продолжуваат, да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Устав до одржувањето на нови избори. Толкувањето не може да биде дека ниту Владата ниту претседателот па ниту парламентот не можат да паднат. Се работи за уставна рамка во која органите бирани со еден Устав при донесувањето на новиот Устав продолжуваат со својата работа. Изборот на Владата не е врзан за изборот на парламентот. Извориштето на изборот на Владата е Парламентот. А, извориштето на избирачкото тело на претседателот е со општо избирачко право. Според тоа, мислам дека не може да се толкува дека ние сме донеле толку недемократски Уставен закон што практично сме го оневозможиле с«а што е основа на плурализмот на контролата на власта и меѓусебната зависност на носителите на власта.

Мислам дека постојат сите процедурално формални Уставни основи да се помине по расправа по точката од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Арсов бара реплика.

**ДРАГИ АРСОВ;**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Морам да реплицирам на господинот Крстевски кој од говорницата го спомна и моето име односно се осврна на некои делови од моето излагање.

X/4

Очигледно господинот Зоран Крстевски, во стар комунистички стил не прави разлика меѓу државата и власта. Тоа го прави како во минатото што го правеше и Сојузот на комунистите кога се идентификуваше со власта и македонската држава. Јас , во никој случај и верувам дека никој од ВМРО-ДПМНЕ таква бесмислица не рекол дека Република Македонија е комунистичка творба. Напротив, и претседателот на државата, господинот Киро Глигоров неколку пати во своите излагања говореше дека Република Македонија постои од 1945 година, односно од Првото заседание на АСНОМ.

Моите гледишта за континуитетот на македонската држава се понати, па дури бев и критикуван за навраќањето на историското, минато на македонскиот народ и на извориштата за државноста на Македонија. Во моето излагање говорев дека власта во Македонија е неокомунистичка, а не дека Република Македонија е комунистичка творба Тоа се два различни поими.

Секој говорник во својата дискусија се отсликува себеси, „ па така и господинот Крстевски во својот стар комунистички манир настапува без да може да се ослободи од своите сфаќања и очигледно и натаму мисли дека светот почнува и завршува со Сојузот на комунистите, па и македонската дрчава. Затоа, господинот Крстевски, што е и нормално така погрешно ме:разбрал.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас немам намера како мојот претходник да давам објаснувања за некоја поширока реплика, едноставно од причина ако во програмата на ВМРО-ДПМНЕ основната цел беше и се оствари самостојна и независна Македонија, неспорно дека автор на таа Програма е ВМРО-ДПМНЕ. Република Македонија е Самостојно независна. Од таа Програма и од заложбите што произлегуваат, оттука незнам од каде се

оспорува авторството, изгледа поради непознавање...

(реакции во салата, а од поедини пратеници и аплауз).

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Драго ми е што почувствувавте потреба да реплицирате и што на некој начин сте малку попрецизни, меѓутоа ќе можете сопствениот глас на лента да го проверите или од стенограмите и тоа е многу важно. Меѓутоа, господине Арсов да расчистиме еднаш кој е постар комуниста, јас или вие. Господине Арсов, барем сопствената биографија ја познавате. Па Вие сте школарец од Кумровец, не сум јас.

(реакции во салата)

Спрема тоа немојте ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте лично да се обраќате. Објаснете, но немојте лично.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине Крстевски членството Сојузот на комунистите се состои во мислењето а не во членувањето... (во салата настана смеење)

... Јас за таквите шпекулации овде што ги доживеав да се изговорат и од оваа говорница за Кумровец, тоа е кампања што веќе подолго време се води и преку печатот во познат манир што досега се служеше комунистичката пропаганда против навредувањето и негирањето и омаловажувањето на личностите.

Јас никогаш не сум бил посетител на таквата школа ниту некогаш сум го посетил Кумровец,  а сигурно за тоа што некогаш сум член на СК, тоа

сигурно било под морање или под услови за обезбедување на својата егзистенција..:

(гласни реакции во салата).

Дозволете, ако за мене загрижува кога во моментот по повеќепартиските избори се дозволеше слободното определување на луѓето да членуваат во партиите со поинакво политичко убедување и на тој начин тие да го изразат своето уверување, за мене е сигурно дека далеку по неприфатливо беше некој кој не мора и натаму да членува во една таква партија за која што вие се определивте. Сигурно дека со таквото членство во таа партија вие останавте на тие позиции, и вие останавте со таквото свое 'мислење што на сите ни е познато до каде не доведе, бидејќи станува збор не само за таквото мислеше како определување, туку и за еден монопол кој што нанесе не само штети на нашата демократија туку и штети на целокупното наше живеење, не само економско туку и политичко, а пред се на нашето меѓународно признавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господин Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ**:

Почитувани пратеници јас нема овде да држам политички пледоаеја бидејќи мислам дека навистина многу се оттргнавме од она што ни беше денеска задача, барем онаа првостепената а тоа е усвојување на дневниот ред. Мислам дека требаше да се осврнеме на она што е главно, дали го прифаќаме дневниот ред или не.

Во врска со тоа, ќе се осврнам посебно на онаа прва дискусија во која што практично беше негиран денешниот предложен дневен ред. Односно, госпоѓата Ратка во име на ВМРО-ДПМНЕ истапи дека не се согласуваат на денешнава седница да биде прифатен предложениот дневен ред односно дека не се согласуваат денеска воопшто да се врши избор на Влада.

Бидејќи,како клучни моменти за неслагање со изборот на Влада беа наведени мислења на две личности кои јас ги почитувам, меѓутоа и не сакам никогаш да спомнувам имиња, но заради разјаснување на работите ќе морам да ја запашам госпоѓата Ратка, да ни објасни, бидејќи се повикуваше на мислењето на господинот Шкариќ за уставноста на изборот на Владата,какво мислење имаше ВМРО-ДПМНЕ при изборот на Шкариќ како надворешен член на Комисијата за уставни прашања. Ако не се сеќава, јас би ги замолил да ги земат стенографските белешки да ги прочитаат овде за личноста и карактеристиките што беа дадени за господинот Шкариќ од партијата ВМРО-ДПМНЕ

Втора работа што исто така би сакал да се расчисти овде во врска со изјавите, во врска со Петар Гошев, ме збунува еден момент и би сакал исто така да ми биде објаснет, како е можно до пред само две години тој исти Перо Гошев од ВМРО-ДПМНЕ да се нарекува шиптар, предавник итн., а денеска да добива сосема друга конотација. Јас би сакал да добијам одговор дали јавноста беше тогаш излажана или пак денеска се лаже. Мислам дека ќе се согласите, не може една личност пред само година ипол

да биде предавник, а денеска да биде она што веќе беше изложено од страна на госпоѓата Ратка. Затоа ве молам да се изјасните кога практично ја зборувавте вистината.

Сега, за две работи што мислам дека исто така мора да се спомнат.

Прво, за учеството на ВМРО во власта. Мислам дека една партија како ВМРО, сериозна партија, не може да ја бара кривицата за своето неучество во власта во другите парти. Треба да се сврти кон себе и да ја побара во самата себе> бидејќи на истата таа партија прво и беше понудено да учествува во власта, да прави Влада, меѓутоа таа партија, по само три дена го врати мандатот, што нека- ко ми создава мислење дека не се ниту обидела да прави Влада или пак мислела дека не пак способна да прави Влада. Во секој случај не дека не смее да ја бара кривицата во другите партии, нека ја побара во сопствените редови зошто не учествува во власта.

Би имал уште еден момент да кажам, а тоа е она што се нуди денеска да не се избере Влада. И би се согласил да не избереме, меѓутоа ги молам некои од оние кои се за тоа да не се избере Влада да излезат и пред јавноста да кажат што значи неизбирање на Влада. Би ги потсетил дека образованието не работи. Најавен е штрајк во здравството. Нафта нема во Републиката. Би можел да набројувам уште илјада проблеми...

(Во салата настанува жагор при што претседателот со ѕвончето ги опоменува да се смират).

... можам да набројувам уште саат време илјада проблеми што ја мачат оваа држава почнувајќи од меѓународното признавање итн.

(Повторно жагор и довикувања од место).

Ве молам, немојте да довикувате од место.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Што би значел неизборот на Владата за самото признавање итн. Јас само толку ве уверувам дека со неизбор на Владата јас длабоко ве уверувам дека со неизборот на Владата, а тоа треба да го кажете и на јавноста,би попаднале во еден тотален хаос, поголем и од овој што го имаме и мислам дека ќе дојде ситуација да завладее законот на посилниот што во никој случај нема да значи ниту демократија ниту правна држава, а можно е да ја изгубиме и оваа држава, таква каква што сега ја имаме. Затоа, сите, длабоко во свеста да знаат што значи неизбор на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барам реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ве прознаа вас. Ве молам господине Стојановски да седнете на местото. Беше спомната Ратка Димитрова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Беше спомнато што ВМРО рекол за неизборот на господин Шкариќ, а тоа сум јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа беше спомната госпоѓата Ратка Димитрова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За Шкариќ, кога претходниот говорник кажа дека не се избрал во Уставната комисија, а тој што бараше да не се избере сум јас.

XI/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете тогаш само за тоа Јас мислев дека, бидејќи госпоѓата Ратка е спомната овде, затоа/

(Во салата настанува жагор во врска со ваквиот развој на настаните)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам ништо да говорам дали некој ќе вика, ќе лупа или не, тоа е негов проблем. Никому не сум викал, никому не сум лупал.

Господа, ако се усвои дневниот ред да биде на програма из- борот на Владата, ќе се јавам одреден збор да кажам зошто не сакам да гласам за таа Влада. Сега, тоа е на страна. Овде ќе говорам за она што бев прозван.

Од оваа говорница беше даден предлог како надворешен член на Комисијата за уставни прашања да биде предложен господин Шкариќ. Јас, лично реков дека не сум тој човек да биде во таа Комисија од овие причини, уверувајќи се дека е тој застапник на идејата за федерализација и федерализам, постоеше апсолутно на Југославија така определен, кој и фактички се определил по партијата СК- Движење за Југославија, јас јасно реков дека таков човек на ова Собра- ние не му е потребен да биде во состав на Комисија што ќе работи врз изготвување на Устав. Стојам и сега, кажувам со тој човек лично се познавам. Значи, ништо повеќе нема ниту да кажам ниту да не кажам.

Господинот Ристо што бараше да му се објасни сега зошто, јас реков, ако Ратка добила некое толкување од професор по уставно право, тоа е толкување и ако таа примила дека е така, има луѓе од вас овде кои застапувате друга теза дека значењето на член 10, став 1 има сосема друго значење. И покрај тоа што стои дека Собранието во овој состав, претседателот на Републиката и Владата до нов избор

XI/5.-

(Дофрлувања од место "доживотно") . -

Нема доживотно. Се поставува прашањето...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте да дофрлувате од страна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се поставува прашањето како ќе го толкувате, што ќе толкувате, ние никогаш не поставивме прашање за вас дали важи таа одредба да одиме на нови избори само за тоа да не бидеме доживотни?

За претседателот на Републиката,ќе ги повторам неговите зборови, без некој да се навреди, од тука ги кажа господинот Киро: -. Ако не ви е драго моето постоење, соберете 80 гласови и јас ќе одам на избори. Ако ова не го кажа има стенограм.

Дозволете господа, ние овде да разговараме за она што треба. Дали на дневен ред сега треба да оди ибор на Влада или не треба да оди. Наш став е да не оди и кажуваме зошто. Ако оди доаѓа вториот дел.- Треба мандаторот кому е доверено да прави Влада, ќе каже кои се, зошто, што нуди и тогаш одново ќе се отвори расправа. Значи дека не е завршена расправата па ние овде да се надвикуваме и да се караме и да тропаме. Јас не знам, со никого овде немам ниту духовна ниту физичка пресметка направено па некој да ми лупа од таму. Ако имам поинакво мислење тоа е мое, не го погодувам него немам одобрување, тоа е моја мана. Ако неговото не иде тогаш е негова мана. Така треба да се сфати демократијата.

И овде - ВМРО добил, добил, добил, добил. Господа, ќе го задржам правото да говорам дали сме добиле или не за тоа што сега се јавив само по однос на репликата на Ристо. За другите делови не сакам да зборувам.

XI/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во интерес на времето јас ќе бидам доста рационален.

Наиме, денеска се постави точката на дневен ред за која не можеме да се усогласиме и да почне самата седница, при што сакам да потенцирам во основа потенциравме неколку аргументи при што се поставуваше како прашање прво уставниот основ за поставување на оваа точка на дневниот ред. Имавме можност да слушнеме една и друга аргументација.

Второто прашање што се покренуваше е за легитимитетот на Владата во оставка, имавме можност да ја слушнеме и едната и другата аргументација.

Третата работа беше преговарачкиот процес во кој само еден дел од проблемот можеби остана како делумно замаглен, делот со претходниот мандатор Петар Гошев.

И уште еден аргумент се спомнуваше, континуитетот на Четириесет и првата седница. Мислам дека сите аргументации беа доволни во оваа можност да бидат потенцирани без разлика на која партија или пратеничка група им припаѓавме, мислам дека сета таа аргументација беше во доволна мерка искажана од сите нас.

Сугестијата ми е, бидејќи реков дека ќе бидам рационален, во оваа прилика потенцирам дека се оградувам од сопственото размислување во прилог, па предлагам точката на дневниот ред за избор на нова Влада да биде поставена и прифатена, а за предметот, карактерот и содржината, кандидатурата, да отвориме расправа за што мислам еден пратеник потенцираше, па тука секој од нас ќе ја најде шансата да даде свој

XI/7.-

придонес, идеи, мислења и сугестии за остварување на понатамошните активности и работа на Парламентот.

Практично, сугестијата е ако може, ако има додатни аргументи во прилог на тоа да се одложи точката би било добро да слушнеме, ако не, сугерирам предлогот да биде ставен на гласање за усвојување на точката во дневниот ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе.

На почетокот мислев дека ќе расправаме за мошне значаен момент, актуелен во нашата Република - составување нова Влада која во актуелниот политички момент е нужна и нејзиното одолговлечување претставува натамошно продлабочување на кризата и развлекување на проблемите присутни во нашава Република.

Нашето однесување во Парламентов сметам дека е својствено на овој Парламент, но недостоинствено за актуелниот момент кога пред нас имаме кандидатура на новата Влада на кои треба да им честитаме на хероизмот и подготвеноста и нивната согласност да се нафатат да бидат членови на една Влада која во актуелниов момент знаеме што може да прифати, што може да составува и што може да направи кога пред нас се социјалните тензии и огромните тешкотии и економски проблеми со што се среќава нашата Република.

Мислев дека помалку треба да зборуваме за минатото, за тоа како работела Владата и нејзиното изгласуваше на недоверба отколку за иднината и проблемите што не чекаат.

Политиката е еден вид валкана игра, комбинаторика во која може да се влегува само со добро разладени глави и уште постудено срце. Внесувањето емоции во политиката е ризично и опасно, а тоа на некој начин нам ни се случува и денеска и на другите седници.

XI/8.-

Затоа прашувам дали постои чувство за мерка поради моментот во кој се наоѓаме и за проблемот за што треба да одлучуваме? Како да се нема ниту срам, ниту перде да се договара, да се искажуваат тешки зборови на луѓе присутни овде и придонесуваат за мир, за состојбата и достоинството на сите граѓани во Републикава.

Тешко може човек да се определи за ова што се случува дали е политика или е театар. Театар бидејќи имаме монолози, дијалози и пролози. Дискусиите од типот Албанците и Македонците ја брише границата на она што значи заедништво, сожителство, заедничка држава, рамноправност, демократија и слично. Како да не сакаме да сфатиме дека политиката е уметност на можното, затоа што парламентарниот разговор го идентификуваме со политичкиот маркетинг ч од него правиме парламентарен театар.

Колку и до кога треба да трае процесот на освестувањето дека ние Албанците од Македонија не бегаме ниту некого протеруваме. Ова сонце подеднакво грее за сите. Ако се определиме заеднички да живееме, тогаш тоа имплицира на заеднички договор како да го организираме животот и како поубаво да живееме. Зошто овде се користи говорницата за промовирање на своите пред се политички: цели?

Омаловажувањето на албанскиот народ во Македонија е штетно за целата македонска јавност. Наместо да се поздрави учеството на Албанците во Владата, по нив се фрлаат камења и најтешки зборови. Односно, основната филозофија е да не го употребам најлошиот збор да ги откачиме Шиптарите од Парламентот.

Господа пратеници, треба да обезбедиме национален и меѓунационален консус и единство. Без Албанците нема стабилна и демократска Македонија. Грешат сите тие што го минимизираат албанското учество во Владата.

Навистина ми е жал што формираме Влада без учество на ВМРО-ДПМНЕ. Но, истовремено ни е сфатливо зошто тие имаат негаторен став спрема Албанците во Македонија. Сосема ни е јасно бидејќи во нивната програма се залага за чиста Македонија а Албанците се залагаат за заедничка Македонија, за демократство и сожителство. Но, не е достоинствено и не е на висина на времето Влада со Албанци без ПДП кога ПДП е политички репрезент на Албанците во Македонија, непотценувајќи ги другите партии кои потоа никнуваат како такви, што е нормално во плурализмот.

Како е можно да се каже дека коалицијата со ПДП е штетна во овој момент затоа што тие не гласаат за основните државни закони итн., кога јасно се знае ставот на ПДП за гласањето и зошто не гласаме за одредени закони.

Трето, зошто Влада со албанско малцинство кои се нелојални

итн.

Сметам дека е време од политичкиот речник и од залагањето на пратениците овде да отсуствуваат овие залагања и зборови бидејќи CCIMO со тоа можеме да обезбедиме навистина сожителство и рамноправност.

Треба да внимаваме, да не правиме грешки во чекори или да чекориме грешно, а еден дискутант рече треба да најдеме ум, разум и сила да ја составиме нашата Влада. Јас велам дека овде, во овој Парламент има и ум и разум и сила, само треба уште разбирање па да им честитаме на изборот на новата Влада и наместо тоа да кажуваме како таа Влада да работи, како да биде попрагматична, како да ги разрешува присутните проблеми во Македонија и како да придонесе за стабилноста и мирот во Македонија.

XI/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е 8 минути до 17 часот. Имаме една одлука да работи- ме до 17 часот. Но, ова е специфичен случај.

Дали се согласуваме да работиме цело време или...

(Во салата настанува жагор во смисла да се престане со работа).

Ве молам, слушајте, лесно е да гласаме за тоа дали да продолжиме со работа или не, подобро е да се разбереме по прашања по кои можеме да се разбереме. Јас овде извршувам консултации и ако ние можеме утре во 10 часот да продолжиме, но во 10, тогаш е подобро. Ако не можеме во 10, тогаш барем во 11 часот, но да продолжиме. Ние треба да избереме Влада. Во изборот на Владата треба да воспоставиме една сосема нормална атмосфера, да нема премореност, да нема никаков момент што после некој може да го оквалификува како дополнителен притисок или отстапување од она што сме го одлучиле. Од оваа седница Владата не смее да излезе со било каква хипотека во постапката. Таа Влада е елемент на стабилноста на Републиката, извонредно важен елемент.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас би ги замолил сите пратеници, посебно од Скопје, да имаат разбирање за нас што доаѓаме од страна. Прво, нема бензин, редуцирани се автобуските линии и имаме проблеми да доаѓаме. За- тоа би ве замолил ако може да завршиме вечер. Инаку, ова навистина би било големо малтретирање за нас. Ако не се прифати ова со молба, тогаш би барал да гласаме. Верувајте, вам од Скопје ви е лесно, ќе си отидете, ќе дојдете утре сабајле. Ние ниту имаме редовни автобуси, нема ниту бензин да доаѓаме со коли. Молам да имате разбирање за ова.

XI/11.-

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Мислам дека претходниот дискутант не е во право. Само во конкретниот случај, ВМРО-ДПМНЕ има околу 37 дискутанти. Не може тоа што го бара вечерва да се заврши. Јас мислам дека не може ниту утрешниот ден да се заврши оваа седница. Да се респектира тоа, да се има предвид кога претседателот нуди некое решение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога тоа го предложив имав во вид дека има доста пријавено учесници во расправата и дека нема ниту вечерва да завршиме и нека не се создава некој впечаток дека некој врши некаков притисок.

Кој не може да си оди, нека остане тука да спие.

Значи, ја заклучувам седницата и констатирам дека утре продолжуваме во 10 часот.

(Седницата со работа прекина во 17 часот).